Прилог

**Извештај од**
**консултации со јавноста во врска со предлог на Законот за прогласување на Шар Планина за национален парк**

1. Начин на спроведување на консултациите

Министерството за животна средина и просторно планирање спроведе широк процес на јавна консултација по Нацрт-законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, во времетраење од четири месеци. Нацрт- законот беше достапен на ЕНЕР и на веб страницата на МЖСПП од 17.9.2020 година. На веб страницата на МЖСПП се отвори посебен, видлив и лесно достапен прозорец со сите информации поврзани со процесот.

Во целокупниот процес на консултации беа спроведени следните активности:

1. Видео презентација на Нацрт-законот на македонски и на албански јазик на националниот телевизиски сервис МРТВ и социјалните мрежи,
2. Помеѓу 30-ти октомврии 4-ти ноември 2020 година се спроведоа три фокусирани посебни расправи со релевантните целни групи/засегнати страни:
   - Граѓанско општество - НВО (online),
   - Градоначалниците од регионот каде се прогласува заштитеното подрачје, ЗЕЛС и претставници на месните заедници (online) и
   - Стопански комори и локален бизнис сектор (online).
3. На 5.11.2020 се одржа официјална јавна расправа (online) на ЗООМ платформа (со обезбеден симултан превод на двата јазика).
4. Во текот на целиот процес консултации беше отворена телефонска линија во Архус Центарот за доставување на забелешки и коментари по Нацрт-законот.
5. По 15 – ти ноември 2020 година се остварија средби (во помали групи) со руралната заедница на тема сослушување на локалните потреби и унапредување на традиционалните активности во идното заштитено подрачје, како и останати клучни засегнати страни.
6. Испратено беше и писмено барање на мислење до сите утврдени засегнати страни и институции со упатување на линкот на кој е достапен Нацрт-законот (ЕНЕР и ВЕБ страницата на МЖСПП).

На консултациите по Нацрт-законот претходеа низа консултации по Студијата за валоризација на подрачјето и во текот на подготовоката на

Социо-економската студија (кои се јавно достапни), беше спроведена јавна кампања за информирање и беа организирани локални форуми со населението и локалните невладини партнери, по што беше донесена Одлука за прифатливост на предлогот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категорија II - Национален парк (Службен весник на Република Северна Македонија бр.116/2020). По донесувањето на Одлуката беа организирани состаноци за размена на податоци со засегнатите страни заради подготовката на Нацрт на Закон за прогласување на Шар планина за национален парк и Нацрт на Извештај за проценка на влијанието на регулативата.

По истекувањето на рокот за добивање на мислења и забелешки по Нацрт-Законот и по нивното прибирање, се пристапи кон ревидирање на Студијата за валоризација на природните вредности и Социоекономската студија од страна на експертскиот тим, со дополнителен ангажман на експерти од Меѓународната унија за конзервација на природата (IUCN), ангажирани од Канцеларијата на Обединети Нации за животна средина во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Беа одржани дополнителни средби со клучните засегнати страни и локалното население за усогласување на различните забелешки и барања, по што беше доставен Анекс на Студијата за валоризација со ажурирано предлог зонирање на идниот национален парк.

Финалниот предлог за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк е преточен во Предлог на Законот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата II – Национален парк.

2. Анализа на доставените мислења и забелешки

За време на периодот на јавни консултации, иако засегнатите страни беа претходно информирани и вклучени во процесот, МЖСПП доби неколку негативни мислења и изразени нејаснотии од клучни интересни групи. Прашањата во најголем дел се однесуваа на зонирањето, но и други теми како загриженоста на локалното население и економските субјекти за можноста за функционирање и развој низ заштитеното подрачје и од аспект на различните зони, градењето на инфраструктура (постоечка и нова), степенот на заштита, можноста за користење на пасиштата и шумите, издадените концесии за ловство и хидроенергија, водоснабдителните системи, можноста за располагање и користење на приватните имоти, вршењето на земјоделски активности, како и слободното движење низ паркот и развој на туризмот.

Заради детално разгледување на барањата и информирање за предлогот, експертскиот тим во соработка со МЖСПП и УНЕП организираше 24 дополнителни состаноци со клучните засегнати страни, а особено со:

Општините Врапчиште и Теарце, ЈП Национални шуми, секторите за шумарство и ловство, водостопанство при Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, ЈП Пасишта, “SharOutdoor”, ЕЛЕМ Турс ДООЕЛ Скопје и АД ЕСМ, како и со менаџментот со НП Шари од Косово.

Дополнително беа организирани и теренски посети, прибирање на податоци и стручни консултации при што како резултат произлегоа:

- Ревизија на Студијата за валоризација и предложеното зонирање на НП Шар Планина,
- Компаративна анализа и усогласување со соседните национални паркови (Република Северна Македонија и Косово), како и меѓународна пракса (Австрија, Германија и Словенија),
- Анализа на релевантните членови на Законот за заштита на природата и другата релевантна легислатива,
- Анализа и ажурирање на релевантните членови во Законот за прогласување на Шар Планина за национален парк.

Од аспект на самото зонирање на идниот национален парк, клучните покренати теми од засегнатите страни беа следните:

- Изоставени важни шумски екосистеми,
- Хармонизација со НП Шари во Косово: претходно предложеното зонирање поставуваше појас на строга заштита долж границата, додека НП во Косово има клучни реони на самата граница,
- Заштитни појаси: некои патишта и инфрастуктура беа во заштитен појас, додека останати не,
- Вклучување/исклучување на планинските села: на север од Тетово поголемиот дел од планинските села беа вклучени во паркот, додека на југ од Тетово сите села беа исклучени,
- Вклучување/исклучување на езера и мочуришта: чувствителни хабитати од ист вид беа лоцирани во различни зони,
- Континуитетот во зоната на строга заштита оневозможува развој на важни социо економски активности (разни типови на туризам, собирање на други шумски производи итн.).

Другите теми за кои беа доставени забелешки и постоеше загриженост се следните:

- можноста за ловење, управување со шумите и сечата, собирање на други шумски производи, како и пасење на добиток во идното заштитено подрачје,
- задржување на правото на сопственост и имот,
- управувачката структура на паркот и Планот за управување на идниот парк, потребен кадар со соодветно искуство и образование,

- управувањето со водните ресурси и работата на постојните и изградбата на нови мали хидроцентрали,
- користење на патиштата и моторни возила,
- можностите за поддршка на локалните земјоделци и сточари со соодветна инфраструктура,
- непречено одржување на системот Шарски води,
- можностите за развој на туризмот особено во Ски центарот Попова Шапка, но и други туристички населби како што се на пример локалитетот Три Воде и слично,
- можности за развој на Free ride туризмот,
- воспоставување привремена заштита на подрачјето.

Врз основа на сето претходно изнесено, по анализата на забелешките кои влегуваат во предметот на регулација на законот, беше извршено нивно соодветно пресликување во Предлог-законот за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк преку:

- Вклучување на сите околни планински села во границите на НП Шар Планина со цел обезбедување на еднаков третман и можности за нивен иден развој (со новиот предлог бројот на селата од првичните 8 се зголемува на 30). Надворешната граница на ревидираниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина е проширена во јужниот дел на планината, со цел да се опфатат подеднакво сите населени планински места. Притоа последниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина поднесен во септември 2020 година изнесуваше 54 215 хектари. Ревидираниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина изнесува 62 705 хектари што значи дека површината на предлогот се зголемува за 8 490 хектари.
- Во последниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина поднесен во септември 2020 зоната за строга заштита беше интегрална единица со површина 17 978 хектари. Во ревидираниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина зоната за строга заштита е поделена на 5 посебни единици и тоа ЗСЗ – 01 Љуботен, ЗСЗ – 02 Бистрица, ЗСЗ – 03 Кобилица, ЗСЗ – 04 Лешница и ЗСЗ – 05 Маздрача, со вкупна површина 16 651 хектари. Целта е да се вклучат подрачја со ист профил на природни вредности во иста зона на заштита (од национално, меѓународно и ЕУ значење), зоните на строга заштита да бидат хомогени просторни единици кои ја следат теренската конфигурација, да има подобра можност за користење на другите шумски производи, пасиштата и останатите традиционално-управувачки практики, да се овозможи развој на туристички дејности

и да се овозможи прекуграничната соработка за спроведување на заштитата преку синхронизација со постоечкиот парк НП Шари.

- Беа вклучени и дополнителни шумски системи во зоната на строга заштита, пред се лоцирани на недостапни места, важни од аспект на заштита од ерозија, зачувување на водните ресурси, како и зачувување на значаен генетски материјал.
- Во последниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина поднесен во септември 2020 зоната за активно управување беше поделена на четири единици со вкупна површина 22 420 хектари. Во ревидираниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина зоната за активно управување е интегрална целина која има потреба од спроведување мерки за подобрување, со вкупна површина 30 763 хектари.
- Во последниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина поднесен во септември 2020 зоната за одржливо користење беше составена од две различни единици, со вкупна површина од 13 677 хектари, додека во ревидираниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина зоната е интегрална целина со вкупна површина 13 805 хектари. Оваа зона е внимателно предложена со цел да овозможи непречено функционирање на луѓето во населените места на целата територија на паркот.
- Во последниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина поднесен во септември 2020 година, беа предложени 9 заштитни појаси со цел да се обезбеди заштита на природата од влијанијата на неколку мали хидроелектрани, системот Шарски Води, како и неколку патишта, со вкупна површина од 140 хектари. Покрај заштитата на природата важно е и одржувањето на споменатите објекти со што ќе се обезбеди нивно непречено функционирање. Тргнувајќи од фактот што водата за пиење, производството на електрична енергија, како и одржувањето на патиштата е од национален и локален интерес истото ќе биде непречено, а деталите за начинот на функционирање ќе бидат разработени во планот за управување. Од тука, произлегува решението да објектите од јавен, стратешки и безбедносен интерес ќе може да се одржуваат во соработка со ЈУ НП Шар Планина и МЖСПП без оглед на зонирањето.
- Со цел да се обезбеди непречен развој на ски центарот Попова Шапка беше земен предвид Мастер планот за развој на Попова Шапка, како и веќе постоечките тури кои ги спроведуваат локалните компании.Ревидираниот предлог за заштитено подрачје НП Шар Планина предлага заштитен појас околу ски центарот Попова Шапка со вкупна површина од 1 481 хектари со што ќе се обезбеди баланс

помеѓу заштитата на природата и развојот на различни форми на туризам во предвидените рамки.
- Планот за управување со НП Шар Планина, за чија изработка ќе биде ангажиран експертски тим и ќе бидат спроведувани нова серија на консултации, ќе ги регулира детално забранетите и дозволените активности согласно зонирањето, при што ќе ги опфати и преодните периоди за преминување на управувањето од досегашните управувачи во ЈУ НП Шар планина.
- Правото на сопственост е неприкосновено и населените места се предвидени во зоната на одржливо користење со цел непречено нивно функционирање и одржлив развој на регионот. Дополнително со нивното вклучување во националниот парк ќе се подигне стандардот од аспект на комунални услуги, посебно управување со отпадот, пристап до меѓународни фондови за развој на екосистемски услуги, развој на органско производство, подобрена инфраструктура и слично.

3. Останатите прашања кои беа покренати од јавноста, а кои не се предмет на уредување на Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален Парк се следните:

3.1. Барање за вклучување на трета опција во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата

Бидејќи Законот за прогласување на НП Шар Планина е детермириниран од Студијата за валоризација која ја одредува категоријата, и следствено одредбите од Законот за заштита на природата кои се однесуваат на соодветната категорија, во Нацрт-Извештајот беа разгледани опциите на донесување или недонесување на актот за прогласување на Национален парк.

Поради барањето на дел од јавноста за вклучување на трета опција во Извештајот за процена на влијаието на регулативата, беше дополнително предвидена и Опцијата да се стопира постапката за донесување на Закон за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк до отстранување на постоечката инфраструктура и раскинување на сите концесиски договори на подрачјето.

3.2. Прогласување на Привремена заштита на Шар Планина

Согласно членот 97 од Законот за заштита на природата се дава можност за деловите на природата за кои се води постапка за нивно прогласување за заштитено подрачје да се стават под привремена заштита. Привремената заштита трае една година од денот кога е донесено решението, или најдоцна до донесување на актот за прогласување на заштитено подрачје.

Сепак, режимот на привремена заштита не е до крај дефиниран во законот. Дополнително, делот од Шар Планина кој треба да се прогласи за Национален парк е подрачје на кое се преплетуваат голем број активности и интереси при што потребно е исполнување на сите предвидени сегменти од Законот за заштита на природата да се постигне целосна заштита на подрачјето. Од друга страна ваквата заштита повлекува и дополнителни правни процедури, а ќе предизвика и револт кај локалното население, но и штети врз локалната економија.

Токму поради тоа МЖСПП смета дека итно е потребно донесување на Закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк и во најкраток рок донесување на Планот за управување со подрачјето.

Привремената заштита може да се воспостави единствено по усвојувањето на финалниот предлог на Владата на РСМ, со цел заштита од донесување на нови Одлуки за доделување концесии за времетраењето на собраниската процедура.

3.3. Забелешки кои се однесуваат на хидроцентралите на територијата на идното заштитено подрачје

Концесиските договори за мали хидроелектрани не се предмет на уредување на Законот за прогласување на НП Шар Планина. Одлуките за доделување на концесии се носат од страна на Владата на РСМ и во согласност со други законски прописи.

По објавувањето на иницијативата за прогласување на дел од Шар Планина за НП не се одобрени нови барања.

Земајќи ги предвид сите достапни податоци во врска со изградба на мали хидроелектрани (вклучувајќи ги и поврзаните инфраструктурни објекти: зафат, машинска зграда, цевковод, пристапни патишта, далекуводи и сл.), на предложеното заштитено подрачје евидентирано е следното:

- во функција се 11 мали хидро електрани-изградени и оперативни;
- склучени договори за концесија има за 9 мали хидроелектрани и прибавено одобрение за градење,
- Владата има донесено уште 5 Одлуки за доделување на концесија за мали хидроелектрани на локации во идното заштитено подрачје на Шар Планина.

Согласно процените на водниот потенцијал доколку не се воспостави режимот на заштита на национален парк, дополнително се планирани уште 15 мали хидроелектрани, за кои не се водат постапки за доделување на концесија.

Веќе изградените хидроелектрани експертскиот тим ги третира како и останатата постоечка инфраструктура, при што на веќе оперативните МХЕ се препорачува редовен мониторинг и контрола на биолошкиот минимум. Во опфатот на идното заштитено подрачје постоечките хидроелектрани ќе бидат управувани во согласност со одобрената проектна документација (Елаборат за оценка за животна средина), одредбите од договорите за концесија и одобренијата за градење.

Со оглед на тоа дека зонирањето на паркот е извршено врз основа на постоечката инфрастуктура, малите хидроелектрани за кои има Одлука на Владата, но не е започната градбата не се рефлектирани во предлог-законот. За оние од нив кои би се нашле во зоните за активно управување или строга заштита, Владата на РСМ ќе треба да донесе одлука дали постои можност за преиспитување на Одлуките и обесштетување на инвеститорите или да се предвидат заштитни појаси за нивна реализација.

4. Записници од јавната расправа и консултацијата со невладиниот сектор и преглед на добиени мислења од јавноста во продолжение:

# Записник

## Средба со граѓанскиот сектор

## 30.10.2020г.

Воведни излагања на модераторот и Министерот за животна средина и просторно планирање.

Информативно видео за Студијата за валоризација на Шар Планина.

Презентација од на Нацрт законот за прогласување на Шар Планина за национален парк од страна на МЖСПП.

Дискусија:

**Прашање од Ана од НВО Еко Свест**:

Прашањето е повеќе процедурално.

Предложени се зоните, какви што се предложени. Има нејаснотија во однос на тоа како ќе постои преодот, бидејќи имаме допирни точки помеѓу Шар Планина и НП Маврово. Изразува чудење, бидејќи се гледаат подрачјата како да се независни едно од друго, а всушност делат иста територија, на некој начин. Така што, тој дел не и јасен. Бидејќи како што веќе беше спомнато, зонирањето е направено врз основа на студија за валоризација, прашува како во Маврово правеле студија за валоризација па виделе дека тоа треба да е одржливо користење, а веднаш од другата страна каде што припаѓа Шар Планина е строго заштита?

Не е сигурна дека зонирањето е во најдобра можна верзија! Има впечаток дека се оди малку по ригидно во делот на, тоа ако пр. има пасишта кое има висока биолошка вредност и биолошка разновидност, автоматски кога влегува во строга заштита, тогаш се оневозможува стопанска дејност која исто така во презентацијата се прикажува како многу важна. Сега од една страна се да се задржат луѓето таму, а од друга страна нема да имаме можност да им дадеме да ги користат тие природни ресурси на одржлив начин. Знае и дека има некакви несогласувања и локалното население. Прашува, како овие работа треба да се испеглаат? Нејзе лично, не и е јасно во кој момент и која институција има право да прави промени во зонирањето доколку од сите овие јавни расправи МЖСПП? Добие мислење дека едноставно не се во согласност со барањата? Како да се воспостави некаков баланс или компромис ,луѓето што живеат таму имаат потреби очекувања и законската рамка и потребата да се прогласи подрачјето? Не сака да биде погрешно сфатена, во смисла дека не смета дека треба да се внимава на вредности, не и е тоа коментарот, ама суштината на прогласувањето на заштитени подрачја не е да се оди во конфликт со локалното население кое

таму живее, бидејќи на крајот на краиштата тие луѓе таму треба да се среќни и горди што живеат во национален парк.

Одговор од МЖСПП

Верува дека експертите кои што ја изготвуваа студијата и го вршеа зонирањето ќе одговорат во поглед на самото зонирање и проценката на природните вредности. Но од процедурален аспект, првично кога се поставува законот и зонирањето се поставува првично врз основа на студијата за валоризација која што ги утврдува природните вредности, но целиот овој процес на јавни консултации е со цел за социо економско усогласување токму за овие работи што  Ана ги произнела и  можните конфликти . Органот кој што би требало да ја изврши корекцијата на зонирањето во таа насока, е првично МЖСПП??, затоа што ние го консултираме законот , ги внесуваме сите забелешки што ќе ги добиеме на овој начин и сите други начини за комуникација. А потоа, како таков, тоа е првичната фаза во која ги внесуваме забелешките од јавноста, локалното население, другите научни институции, невладините организации, а потоа кога ќе влеза веќе во владина процедура, тука ќе влеза и во меѓу институционално усогласување и во рамките на тој процес и таму можеби би можело да се направи некаква корекција на зонирањето. Меѓу тоа како предлог на МЖСПП, министерството е тоа што ќе треба да ги разгледа сите овие забелешки и прашања. И тоа е целта на овие консултации, за да може МЖСПП  да постапи.

Одговор од експертскиот тим во врска со критериумуит за зонирањето

Пристапот кон зонирање го диктираат неколку критериуми:

Биографските карактеристики и присуство на живеалишта кои се во добра кондиција недопрени од човекот, хе деградирани и нудат добри услови за живот и непречен развој на растителни и животински видови кои се ретки , ендемични, и загрозени на начин на национално, регионално и меѓународно ниво. Исто така, присуството на геолошки форми кои што се ретки карактеристични во однос на создавањето и составот на самата планина, потоа хидролошки форми реки , изворишта, езера, но не се само специфични како форми, како хидро потенцијал, туку се обврзуваат за специфични живеалишта и видови , како што се растителни растенија и животни. Потоа, пределските вредности,  социјалните аспекти, распространетост на населбите, економските активности во просторот, традицијата , обичаите и сл. Значи сето ова се критериуми врз основа на кои екпертскиот тим кој што ј подготвуваше студијата за валоризација, заедно со социо економскиот тим, го предложи овој систем на зонирање. Притоа, беше предвид земено зонирањето на НП Маврово, НП Шара во Косово, каде што системот на

формирање заштитени подрачја и зонирањето во Косово се разликува од Македонскиот , затоа што генерално кај нас ние го прифаќаме предложеното зонирање или процентот на зони за заштита кој што е предложен од IUCN и кој што вели дека зоната за строга заштита и активно управување треба да бидат 75% од целиот простор кој што се заштитува, кога се однесува на заштита на национален парк. Исто така, зонирањето на националниот парк Маврово, ( за што Ана добро се сеќавала) сеуште е во предлог фаза. А причините зошто не беше усвоено , се меѓу другото проблематичното зонирање, односно одредени притисоци во тоа што беа, однонсо одредени хидрода се вклопат, накои што не им беше генерално местот во зоните кои што беа предлошени. Исто така, тие го разгледувале зонирањето на НП Маврово и многу било проблематично што многу важни еко системи и појави се ставени во зоната за одржливо користење во НП Маврово се на граница на предложениот НП Шар Планина и тука особено се мисли околу просторот на Морава и Фуда алпски еко системи заедно со глацијалните езера, и важни еко системи кои таму егзистираат. Затоа нив им било малку проблематично предложеното зонирање во НП Маврово , каде што тие сметаат дека на границата со Шар Планина треба да биде најмалку предвидена зона за активно управување или пак зона за строга заштита, а не како што е направено. Тие ова го дале како предлог , но како што веќе каша Фросина од правниот тим од МЖСПП, заедно тие работеле со Секторот природа од МЖСПП околу зонирањето , се усогласувале и го направиле она што е најдобро за заштита на еко системите кои се значајни и видовите значајни за ова подрачје. И тоа значајни не само од национално ниво , туку и на меѓународно ниво. Исто така, треба да се зема во предви фактот дека Планот за управување со НП Маврово сеуште не е усвоен , баш заради овие аномалии кои што ги презентирала и предходно, и од тука следува дека не треба да се прави паралела меѓу двата Национални Парка, но не се исклучува за можноста за усогласено постапување понатаму.

Во однос на детектирањето на проблемот онака како што Ана забележала во однос на живеењето и воспоставувањето на зоните во паркот, укажува дека беше земено во предвид напасувањето на добитокот кое нема да биде проблем, затоа што традиционалното сточарење е дозволено, но ќе биде контролирано и ќе биде понатаму усогласено со законски решенија.

**Дополнет одговор од** експертски тим

Од Екпертскиот тим . Учествувал во процнка на геоморфолошки и релјефните вредности на Шар Планина. Укажа дека на Шар планина некако се поклопуваат релативно вредни подрачја да се подложни во исто време и на геонепогоди. Затоа е инсиситрано оние градби или активности што се предвидени во зоните што и онака имаат големи вредности да бидат со

повисок степен на заштита .Шар планина е д една страна преубава планина која може да понуди многу ресурси, но од друга страна ако не се користи со посебен пристап може да биде извор на бројни , катастрофални природни непогоди. Тоа е подрачје со исклучително висок хазард од поплави, свлечишта и ерозија што во минатото вече се потврди како што беше случајот со Шипковица и од таа причина при зонирањето и овој момент е вклучен особено од причина што доколку не се обезбеди одрживо управување и почитување на овие ризици може во иднина да има неповлни влијанија и опасност за населението .

**Дополнет одговор МЖСПП**

Укажа на важноста на мислењето на граѓанските здруженија во во овој процес на консултација на јавносота и го објасни процесот на прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје укажуваајќи дека МЖСПП согласно Законот за природа ја води постапката за прогласување. Предлогот е дојден од Државниот универзитет од Тетово во соработка со Институтот за биологија. Овае моментот кога тој предлог го изложување на мислење на јавноста и сите коментари и предлози пристигнати по електронски пат, или по пошта ќе бидат  разгледани од експертскиот тим , ќе биде постапено по нив и ќе се продолжи постапката. Потоа ги охрабри присутните уште еднаш да го разгледаат предлогот за зонирање, доклку имаат забелешки да ги достават и истите ќе бидат разгледани и доколку треба ќе бидат вградени во финалниот предлог. Исто така Трпески нагласи дека сме во многу важна постапка бидејќи осле 40 години за прв пат се прогласува нов национален парк и тој ќе биде 4-ти во државата.

**Експертски тим**

Дообјасни дека доколку има потреба ќе се изработи Анекс кон Студијата за валоризација за врендостите на Шар Планина.

**Евгенија Крстевска, еколошки правник од Фронт 21/42**

Посочи дека ќе бидатдостаавени и писмени коментари од нивна страна.

Забелешки

- Предложениот закон е закон со кој што се дозволува изградба на МХЕ во национален парк и истиот не може да биде основа за пргласување на Шар Планина како иден национален парк.
- Изградбта на МХЕ е спротивно од заштитувањето на едно подрачје
- Укажуваат на потребата овој закон да биде усогласен и со Стратегијата за води во која е пропишана една од потребните мерки за користење на

различните типови води. Стратегијата предвидува развивање на катастарски локации за изградба на МХЕ која содржи и конечна листа на локации каде да се градат истите и се додека МЖСПП не изработи ваква листа не смеат да се доделуваат нови концесии и да се градат нови хидроелектрани особено не во заштитени подрачје.

- Посебно е акцентриано предвидувањето на заштитана зона за спорната МХЕ – Пена 84 на Лешница која се наоѓа во зона на строга заштита и која е во градба.Се бара да се избрише член 7, став 3 од Законот и дека со продолжување на градба на ова МХЕ директоно ќе се прекрши законот за заштита на природа, законот за животна средина и законот за води, и дека самиот член од законот е воведен за да се овозможи изградба на овој инфраструктурен проект . Зонирањето ѕтреба да се базира врз основа на заштита на природните вредности на подрачјето а не да биде скроено за да се изгради МХЕ во тоа подрачје.
- Неконтролираната изградба на МХЕ влијае врз правото на водоснабдување и правото на земјоделското производство на луѓето што живеат во ова подрачје.

- Сметаат дека овој предлог закон ја озаконува можноста населението да остане без вода за пиење а водоснабдувањето на населението е врвен јавен интрес

- Потенцираат дека во Студијата за валоризација на Шар Планина на стр. 15 стои дека досега не е изработена студијата за кумулативни влијанија на МХЕврз хидролошкиот потенцијал во сливното подрачје на Шар Планина дека не може да се определи  нивниот интензитет особено во подрачјто што е предмет за идна заштита . Треба да се изработи оваа студија за кумулативни влијанија и до нејзина изработка бараат МЖСПП да ги раскине сите доделени договори за концесии за МХЕ кои не се изгрдени , да ги одземе сите доелени водни дозволи и дозволи за градби и да не објавува повик за доделување на нови концесии и да ја стопира изградбата на веќе започнатите.

- Бараа во надлежностите на управата на паркот да се пропише и должност за вршење и мониторинг на хидролошкиот статус на водите и состојбите на водотеците и ваквите извештаии да бидат објавени во месечни и годични извештаии на веб страницата на установата со цел да се загарантира минималниот биолошки проток во водотеците кои се во склоп на идниот национален парк,

- Забелешка на текстот на Нацрт законот во однос на составот на Управата и предлагаат во самиот текста на Законот да биде пропишан составот на

Управата и начинот на носење на одлуките во националниот парк и истиот да биде составен од челнови што се дел од научната фела и претставници на засегнатите страни а да не бидат истите предвидени како консултативни тела затоа што искуство од НП Маврово покажа дека е потребно управувањето со националните паркови и другите заштитени подрачја да биде од страна на стручни лица кои што веќе имаат добро познавање на теренот но и директна вклученост во носењето на одлуки.

**Одговор МЖСПП**

Се заблагодари на забелешките и укажа дека е најдобро да бидат доставени писмено со оглед дека беа доста обемни и одговорите на забелешките ќе бидат вклучени во финалниот извештај од консултациите на јавноста. Начално укажа на фактот дека треба да се внимава што е предмет на регулација на овој Закон, а што е предмет на регулација на други закони и повторно напомена дека е ова Закон за прогласување на заштитено подрачје што се носи врз основа на Законот за заштита на природа и во претходната презентација беше укажано што тој може да регулира и ако сакаме да го промениме режимот на заштита ќе треба да го промениме во други законски прописи. Доколку забелешките не се однесуваат на овој закон секако ќе бидат разгледани како иницијативи кога ќе се носи новиот Закон за заштита на природа или другите закони во областа.

**Михаил Солаков,претставник на Шара Аутдорс туристичка агенција**

Посочи дека иако состанокот е за НВО и тие би требало да припаѓаат на бизнис секторот , има прашање кое сака да го постави и тука и на другите расправи. Главндејност е фрирајд скијањето со ратраци на падините на Шар Планина и моментално ја вршат оваа дејност на огромно подрачје кое е во идниот национален парк. Се интересира како оваа дејност ќе биде регулирана во законското решение. Таа дејност не е регулирана во ниеден закон во РСМ , посочувајќи дека е тоа можеби така бидејќи е ова уникатна дејност што се случува на Шар Планина и моментално две фирми се занимаваат со оваа дејност која покрај во нашата држава е доста разработена во Канада и нема друго место во Европа каде што се практикува. Бара мислење од стручните лица по однос на ова прашање. Оваа дејност носи значителен број на странски девизи кои директно влегуваат во РСМ.

**Одговор од МЖСПП: Министерството** не регулира економски дејности, но она што е важно како дејност е дека експертите треба да дадат мислење дали дејноста ги нарушува хабитатите и природните вредности кога се врши дејноста и врз основа на тоа да се утврди дали ќе биде дозволена

како дејност во Планот за управување со подрачјето. Рутите што се посочени во коментарите треба да се проверат во однос на зонирањето. Она што е релевантно е во која зона ќе влезе нивната активност.

**Михаил Солаков, посочи дека треба да се размислува како е се финансура идниот НП** , а ова дејност носи многу странски туристи и внес на пари во ова подрачје, дури во изминтаиве години носи поголеми приходи од ски центарот. Даде примери за функционирање на оваа дејност во Канада.

**Од Чет Жаклина Анастасова која бидејќи не не слуша даде коментари за МХЕ .**

Жаклина Анастасова:Шар Планина мора да се заштити како целина , а не парцијално и да се прогласи за национален парк.

Жаклина Анастасова: Исто да се сопре изградбата на малата хидроцентрала на Лешница како и не почнување на изградба на останатите зашто се нанесува огромна штета на шумата и живиот свет во неа како и  се намалува капацитетот на изворите. Исто така де се преиспитаат сите дадени дозволи во заштитените подрачја и никако градење на згради туку викенд куќи и хотели.

**Записник**

**од јавна расправа по Нацрт Законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк**

На 05.11.2020 година со почеток во 13:00 часот, се одржа он-лине јавна расправа по нацрт на Законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, со превод на македонски и албански јазик.

Учеството на јавната расправа беше слободно за сите заинтересирани учесници.

Јавната расправа започна со воведно обраќање на модераторот, министерот за животна средина и просторно планирање и Ректорот на Тетовскиот Универзитет.

Потоа следеше презентација на студијата за валоризација, Нацрт Законот за прогласување на Шар Планина за Национален Парк и Презентација од IUCN за подготовката на Планот за управување на Шар Планина.

По излагањето на професорот Владимир Крпач, следеше поставување на прашања и давање на одговори.

Прашања и ставови се изнесуваа усно со земање збор, како и писмено во чет.

**Љубе**: Зошто општина Теарце и Вратница не се рамноправни со другите општини на картата?

**Одговор од експертски тим**: Сите општини од околината на Шар Планина опфаќаат дел и од заштитеното подрачје, согласно направените проценки. Конкретно овие две општини се надвор од заштитеното подрачје. Исто така, освен овие 2 села и други села (Одри, Глоѓи) кои се наоѓаат во подножјето на Шар Планина, се надвор од заштитеното подрачје. Експертските тимови ( природа биодиверзитет/ еколошки и социо-економски) се воделе од неколку фактори при определувањето на границата на заштитеното подрачје и зошто границата се спушта до подножјето, а во јужните делови е малку поткрената:

- Природните вредности (првичен критериум), односно природните еко системите во северните делови на Шар планина се добро зачувани до самото нејзино подножје, особено шумите.
- Селата кои се наоѓаат малку повисоко се мали и со мал број на жители живеат, во кои се одвиваат традиционални практики и престојот на жителите е претежно преку викенд.
- Со ваквото дефинирање на границите ќе се поттикне развојот на туризмот кој веќе има зачетоци во овој дел од Шар Планина.

- Во јужниот дел на Шар планина, постоењето на Хидро системот Шарски води, деградираноста на шумите и другите еко системи се сметаат како ограничувачки фактор при определувањето на границата на з.п.

**Кирил Ристовски, Флорозон**: По прогласувањето на Шар Планина за национален план каков статус ќе добијат таканаречените мали хидро централи? Дали издавањето на коцесиите за изградба на „малите“ хидро централи се одвивало во период кога е започнат процесот за валоризација на Шар Планина? Што ќе превземе МЖСПП доколку се утврди дека во тој период се издадени концесиите?

**Жаклина Анастасова:** Шар Планина да се прогласи за национален парк во целина.

**Одговор од експертски тим**: Масивот на Шар Планина опфаќа околу 83.000 хектари. Од нив 54.200 хектари (околу 2/3) од масивот се наоѓаат во заштитеното подрачје, во рамки на идниот национален парк). Јужните делови од Шар Планина веќе се опфатени со Н.П. Маврово. Сето ова прави една интегрална целина во која што ќе бидат зачувани најважните вредности. Повторно укажува дека експерткиге првично се воделе од природните вредности и детектирање на најважните природните вредности (хабитати, ендемите, живеалишта, геоморфолошките вредности) при определување на границите на националниот парк и определувањето на внатрешните зони.

**ЕСМ подружница ХЕС МАврово-Гостивар** : По прогласување на Шар Планина на национален парк дали ние како засегната страна за санација на старите објекти, канали, захвати, клизишта и други интервенции ке биде потребно да пишуваме писмо со намери до МЖСПП , дали ке треба да правиме елаборати, студија или нема да биде потребно ништо и ќе може да извршиме интервенција на објектите

**Жаклина Анастасова**: Како лешничка шума е во заштитено подрачје, така мора и Лешница да влезе во заштитената зона. Малите хидроцентрали, заедно со Лешница мора да се сопрат, бидејќи не само што се загрозува живиот свет, туку ќе секне и водата за снабдување на населението.

**Лиридон Есади**: Pershendetje te gjitheve si perfaqesues i fshatit Reçan pran malit shar kam nje pyetje: A ka nje studim reth malit shar dhe rreth teritorit apo hapsires qe duhet te behet zone e mbrojtur dhe nese ka nje te tille a ka harta me kufijt se deri ku arin zona e mbrojtur? Прашањето е: Дали има студија за Шар Планина и дали во студијата има информации за зонирањето?

**86088715475** : Прашање од Ловечката Федерација на Македонија. Што ќе се случи со важечките договори за концесија на дивечот во ловиштата, после „евентуалното" прогласување на Шар Планина за Национален Парк?

**Одговор од експертски тим**: Треба во законот за воспоставување и идно управување со заштитеното подрачје да се даде преоден период од 3 години со цел да се најдат решенија за овие концесии. Се надева дека МЖСПП ќе го направи тоа.

**iPhone :** Од село Дебреше кој од зоните ќе опфаќа за село Дебреше-општина Гостивар, и ако еден ден за потребите на село Дебреше ќе треба вода за пиење дали ќе може да се користи од Реката Врача?! Поточно прашањето е: во која од зоните ќе спаѓа с. Добреше кое спаѓа во општина Гостивар, и ако еден ден за потребите на село Дебреше ќе треба вода за пиење дали ќе може да се користи од Реката Врача.

**Одговор од експертски тим**: Достапноста на водите за пиење е загарантирано со закон и меѓународни договори и не постои забрана за достапност на водата за пиење. Конкретно, с. Дебреше не спаѓа во ниту една зона. Но и доколку спаѓа, населението не треба да се грижи за тоа.

**Љубе**: Зошто само селата во општина Теарце и Вратница се во зона за одржливо користење, а во другите општини се надвор од границите на националниот парк.

**Сашо:** Исто така сакам да прашам што е со Бафер зоните ние како фирма имавме забелешка на даденото растојание од каналите ,патиштата, да биде од осовината на каналот по 50м лево и десно, а не како што ни беше одговорено за 15м.

**Одговор од експертски тим**: Хидро системот Шарски води и сите други водозафати на Шар Планина се наоѓаат или во зоната на одржливо користење или за нив е предвидена бафер зона доколку биле претходно во рамки на некое пошироко подрачје кои има природни вредности од зоната на активно управување. Мисли дека нема во зона на строга заштита. Ист е случајот со Хидро системот Шарски води. Таму каде што цевководот и објектите интегрални на овој хидросистем се наоѓаат на зона на одржливо користење може и понатаму да продолжат да функционираат во склад со Планот за управување со идниот Национален Парк и потребите на заштитата на природата. Дел од хидросистемот Шарски води минува низ зоната на активно управување и на овие делови се предвидува заштитен појас (бафер зона). Во овој конкретен случај тоа е направено со цел да се овозможи функционирањето на хидросистемот, односно да не се коси со режимот на заштита кој е пропишан во оваа зона за активно управување каде што пак

според нашиот закон не би требало да се градат, а функционирањето на вакви хидро енергетски објекти малку му е проблематично.

Што се однесува до широчината на заштитниот појас околу Хидро системот Шарски води, мисли дека тој е проширен на барање на управувачот и не е 15 метри како што е наведено во прашањето, туку изнесува околу 40 -50 метри ( не ги знае точно тие податоци) и упатува на Васко Авукатов, доколку е вклучен во дебатата, да наведе точно која е широчината на бафер зоната. Но сепак, таа е доволна да се одвиваат сите активности за одржување на хидро системот.

**Експертски тим додава**: Сите активности за користење, управување и одржување на Хидро системот ќе може да се обавуваат, но сите активности за дополнување, нови активности и тн. ќе си одат во согласност со постојните закони. Односно, за нови градби, за санација, ќе си оди со барање преку МЖСПП и во согласност со идната установа за управување со Националниот Парк. За тоа имаме закони и ќе се однесуваме согласно нив. Во однос на широчината, 15 метри од еден и друга страна се сосема доволни за пристап на возила, за санирање на одредени недостатоци, а за се друго ќе има барање до МЖСПП и со согласност од МЖСПП и со Јавната Установа сите активности ќе бидат дозволени. Треба да се почитуваат постојните законски прописи.

**Љубомир:** Зошто во селата од општина Јегуновце долната граница на зоните навлегува во самите населени места?

Модераторот појаснува дека прашањето е: Зошто во селата од општина Јегуновце долната граница е близу самите населени места, а е спротивно на тоа што се случува во општина Боговиње?

**Одговор од експертски тим**: Заради природните вредности. Северниот дел од Шар Планина е многу повеќе зачуван од јужниот, а јужниот е деградиран, шумските еко системи се скоро целосно уништени, има појава на ерозија и тн...И како втора причина наведува: Во северниот дел на Шар Планина има локални иницијативи за рурален туризам и со нивното вклопување во заштитеното подрачје , ќе се даде поддршка на туризмот. Инаку непосредната околина на овие села кои се спомнуваат се во близина на Зоната за одржливо користење. Самите села , големите села не се во границите на подрачјето, но се во близина на зона за одржливо користење каде што може да се одвиваат и понатаму традиционални активности на локалното население.

Понатаму, **претставникот од МЖСПП** во функција на вклучување на повеќе говорници укажа дека ќе се направи записник од расправата и ќе биде достапен до јавноста, а дека прашањата што сега нема да бидат одговорени,

ќе бидат разгледани со експертите и истите ќе бидат одговорени во извештајот од јавните консултации.

**Давор Пенчевски - Еко-свест**: Во законот недостасуваат заштитни појаси за МХЕ Габровска 104 и МХЕ Одранска 105. Во Студијата за валоризација е нагласена потребата тие да постојат, но наведено е дека нема доволно податоци за да се воспостават. Ние сметаме дека сите зони што се идентификувани како потребни во студијата треба да се вклучат во првата верзија на законот за да не се оставаат отворени прашања што веќе знаеме дека постојат. Ќе го доставиме овој коментар и писмено, но препорачуваме уште во периодот за консултации да се преземат активности за да се соберат потребните по....Ќе го доставиме овој коментар и писмено, но препорачуваме уште во периодот за консултации да се преземат активности за да се соберат потребните податоци за овие заштитни појаси и истите да се вклучат во законот пред тој да влезе во собраниска процедура.

**Маја Л.**: Изнесе сомнеж за спречување на ризикот за коруптив но однесување на чуварската служба во националниот парк и побара здруженијата на граѓани да бидат вклучени во мониторинг на почитувањето на одредбите по донесувањето на законот и акцискиот план.

**ЈП Пасишта**: Бараме збор и претходно -Што е предвидено односно ,Каков ќе биде статусот на ЈП за стопанисување со пасишта, во случај на прогласување на Национален парк.Што со договорите-регулираното право односно склучени договори за користење на пасишта-односно што со добитокот кој се напасува во ова подрачје,имајки во предвид дека во строго заштитените подрачја, согласно член 7 од предметниов предлог закон , предвидува дозвола само за научно-истражувачки активности.Дали тоа значи дека во овие строго заштитени подрачја ќе биде забрането напасување на добиток?Тоа е голем проблем за кој ќе бараме да се најде соодветно решение и ќе го искористиме правото за давње забелешки во утврдениот рок.Но, има и други нешто што не засегаат а како не би биле оставени отворени - незатворени прашања, за се она што сметаме дека е недоречено,недокажано , ќе дадеме свои коментари.

**Југослава Дуковска** праша како се оправдува поставувањето на заштитениот појас на Долна Лешница кога во непосредна физичка близина на тој појас е строго заштитено подрачје и дали изградбата на малата хидроцентрала на реката Пена е поважна од зачувувањето на целовитоста на подрачјето Долна Лешница? СТаа изнесе дека сегашниот заштитен појас овозможува комплетно уништување на реката Пена бидејќи таа ќе биде затворена во челични цевки и реката повеќе нема да постои во тој дел. Никакво амортизирање на влијанието на малата хидроцентрала не е можно кога самата река ќе ја снема комплетно во цевките. Секој кој бил на самото место

водел дека водите на Пена таму се премалку и за самите цевки, а не станува збор за биолошкиот минимум.

**Љубиша, од општина Теарце, претставник на граѓани - засегната страна:** Тој кажува дека го читал законот за националниот парк, и дека не е точно тоа дека нема жители во селата. Со ова се прави деградација на општините Теарце и Вратница, и на населението. Ограничувањето на правото на сопственост на имот е узурпација на приватниот имот и слободата на движење. Модераторот му укажува на Љубиша да биде појасен за неговиот став за да може да се одговори соодветно. Љубе укажува дека е против Национален Парк. Населението не подржува Национален парк. Треба да се прави дебата со населението , а не со еден претставник. Лично тој, го пренесува гласот во име на многу граѓани. Тој е исто така, спортист и ловец.

**Љубомир Атанасовски, жител од с. Вратница, општина Јегуновце**

Кажа дека не го добил одговорот за картите од експертот, посебно за делот за с. Вратница, општина Јегуновце. Кажува дека целата зона на активно управување ( жолта зона) до цела зона се приватни имоти скоро до ивицата на шумата. И сега, граѓаните од с.Вратница само што ќе излезат од селото, на првиот метар се наоѓаат во зоната на активно управување од Националниот Парк Шар Планина. Прашува каде се тука ингеренциите на месната заедница на општината? Особено што тие на избори гласале за нив и за градоначалник. Тука фактички се одземаат ингеренциите на општините и се даваат на Националниот Парк, а со тоа граѓаните најверојатно ќе имаат ( бидејќи не знаат во детали што значи национален парк) ограничување во движењата и извршувањето на разните активности во овој дел што е во непосредна близина на населените места. Во врска со туризмот, укажува дека тој и без националниот Парк посекако се развива , посебно во местата Беловиште, Вратница, како и во други села. Истакнува дека посебно за делот од Одри кон Јажинце, Национален Парк не е потребен, бидејќи нема кражба на шуми и освен хидроцентралите што сакаат да ги градат, нема други нарушувања на природата. Македонски Шуми работа и сечат регуларно, според проекти и нема диво крадци на шума. Прашува која е ползата од Националниот Парк? А оправдувањето дека во општина Боговиње и Тетово шумите се деградирани, само оди во прилог на тоа и таму да се прогласи Национален парк до ивица на селото за да се обноват шумите, како што би било случај со прогласувањето до ивица на селата во општина Јегуновце и Теарце. Националниот парк треба да биде и за обнова на природата.

Во врска со малите хидроцентрали, поточно 2-те мини хидроцентрали кои што сакаат да ги градат во Вратница , на Вратничка Река, како и 3- тата за која што минатата година е распишан тендер, тие како граѓани од 4- 5 населени места ( Беловиште, Вратница, Старо село и Орашје), реагирале и протестирале

против градењето на истите. На 2 - 3 пати ја блокирале работата на лице место, но инвеститорите по 2 - 3 година повторно се враќаат. Минатата година имале средба со премиерот Заев и тој им ветил дека ќе се договори со концесионерите да се одземат концесиите и да се обештетат концесионерите, но заради техничката влада и изборите, се уште немаат одговор и информација за истото. Затоа бараат одговор од МЖСПП (иако знаат дека концесиите ги издава МЕ во 2011, 2013 ) дали ќе се поништат концесиите и ќе се обесштетат концесионерите?

**Одговор од експертот за картите:** селата Сетоле, Једоарце, Јелошник, Варвава, Брезно се наоѓаат во границите на заштитеното подрачје, и тоа во зоната за одржливо користење. Селата Вратница, Беловиште, Старо село, Теарце се надвор од границите на заштитено подрачје (Љубомир дополнува дека се надвор, и тоа на растојание од првиот метар, прашува укажува зошто дури и црквата е ставена во зоната на активно управување.). И да, точно забележале дискутантите дека зоната за активно управување особено од Беловиште до Старо село е блиску до селата. Тоа е така заради костеновите шуми што се наоѓаат таму и кои се од европско значење и според сите критериуми таму треба да се предвиди зона со повисока заштита. Тоа значи дека таму треба да се грижиме за овие еко системи и да им ја подобриме состојбата, да вршиме мониторинг. Љумобир укажува дека дел од тоа е приватна шума, на што Славчо кажува дека МЖСПП веќе требало досега да реагира и да даде одговор во врска со приватниот имот. Заради тоа , тој го одговара дека приватните имоти се неприкосновени во нашата држава. Никој не смее да ги одземе, ниту пак да го ограничи правото на движење на тој простор. Никој нема да го ограничи движењето во приватните имоти и пристапот до нивните приватни имоти или да им ги одземе.

**Одговор од експертскиот тим:** Нема да се ограничува правото на движење. Не се одземаат ингеренции на општини и други институции. Сето ова ќе биде усогласено. Законот за прогласување на Шара во заштитено подрачје, не е единствен, туку подразбира и други усогласувања. Многу е важно Шар Планина да се заштити, никој нема да го ограничи одењето и ловењето, најверојатно тоа ќе биде во одредени подрачја и контролирано. Значи, се воспоставува контролиран режим на планината, да не може секој да прави што сака. Во тоа е бенефицијата. Во иднина, жителите на тие села и на тоа подрачје да може да користат и други можности од планината. Треба да се гледа во можните перспективи. Не треба да се остане во просторот и времето во кое што се наоѓаме. Треба да се гледа во подобрувањата.

**Одговор од МЖСПП за малите хидроцентрали, дали ќе се поништат концесиите:** МЖСПП ја води постапката врз основа на доставената студија за валоризација на природни вредности и воспоставените зони од страна на

експертскиот тим и заради тоа се води јавната расправа да се види мислењето од засегнатите страни и колку е социо- економски усогласено со потребите на населението. Приватниот имот е уставно загарантирано право и никој тоа не може да го наруши, но со донесување на овој закон ќе се воспостави режим на заштита, и пред се ќе се воспостави Јавна установа Национален Парк Шар Планина каде што сите активности интегрално ќе треба да се спроведуваат со нив. Ќе следи транспарентен процес во кој сите засегнати страни ќе учествуваат во процесот донесувањето на Планот за управување. Дури МЖСПП побара номинации на лица на сите чинители на територијата на Шар планина кои ќе учествуваат во овој процес.

Модераторот надополнува дека МЖСПП ќе треба да биде поагилно и поблиску до локалното население во овој процес на изработка на Планот за управување.

**Претставници од ЕСМ:** Што ќе се случи ако има потреба од итна интервенција, санација на стари штета што треба да се реализира за 1 – 2 дена? Дали тогаш треба да се бара дозвола од надлежната институција? Бидејки, да се бара дозвола за таков вид интервенција ќе значи изгубено време и многу штети и загуби заради чекањето да бидат издадени дозволи за итна интервенција/санација. Штетите би биле не само во однос на работата на ЕСМ , туку и во однос на околината.

Одговор од експертски тим: Со едно телефонско јавување до идната Јавна установа на Националниот парк ќе биде доволно ЕСМ да ја врши работата на терен во Националниот парк, во инцидентни состојби, бидејки ЕСМ мора да функционира во секое време. Никој не може да ги спречи.

**Евгенија Крстевска, еколошки правник од Фронт 21/42 од Скопје:** Ќе дадат и усни забелешки и воедно ќе достават и писмени коментари до МЖСПП. Укажува дека јавната расправа не е само за поставување прашања, туку и за забележување на коментари од јавноста. На ова, модераторот одговара дека во текот на расправата веќе неколку пати беше истакнато дека истата е за да се слушнат сите коментари и забелешки од јавноста и дека ќе бидат дел од самиот извештај. Има 2 коментари и тоа: Коментар 1 по однос на Постапката за Оценка на влијанието на регулативата по однос на овој нацрт закон и Коментар 2 по однос на самиот Закон за прогласување на Шар Планина за национален парк.

Потоа, прашува дали во оваа постапка МЖСПП врши и законски обврзна консултација со јавноста и по однос на нацрт законот за проценка на влијанието на регулативата? Потенцира дека овој изјавен извештај за проценка на влијанието на регулативата не е во согласност со Упатството за начинот за постапување во работата на министерствата. Со тоа што, во

самиот извештај треба да бидат разгледани најмалку 3 алтернативи на прописот, а како што се виде од презентацијата се разгледаа само 2 опции, од кои едната опција е не прави ништо. Бараат да се изработи нов нацрт извештај за проценка на регулативата која ќе земе во предвид 3 алтернативи, и притоа бараат истиот нацрт извештај да биде усогласен со Упатството. Како и бараат во овој нацрт извештај да биде разгледана алтернатива на закон кој не содржи членови кои овозможуваат изградба на хидроцентрали на територијата на идното заштитено подрачје. Сметаат дека во точка 4 .3 и точка 4.4 како негативни влијанија посочени во овој извештај стои основата за изработка на втората алтернатива на овој закон, односно опција 2 во кој дел ќе се разгледаат и влијанијата врз животната средина и ќе се вклучи анализа на влијанието врз хидролошките карактеристика на подрачјето.

Таа изнесува и коментар по однос на самиот нацрт закон. Појаснува дека прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, се врши врз основа на Законот за заштита на природа. Но, според нив, предложениот Закон за прогласување на Шар Планина за национален парк е во спротивност со целите на Законот за заштита на природа, со тоа што нацрт законот содржи контрадикторни членови. Според член 4 во самиот закон за прогласување на дел од Шар планина  се вели дека ќе се направи заштита и зачувување на автентичната состојба на природата и другите вредности, а во исто време во член 7, 11 и 12 од самиот закон за заштита на Шар планина и прогласување за национален парк се крои зонирање кое што е во согласност со плановите за хидроцентрали. Сметаат дека изградбата на малите хидроелектрани е во спротивност на смислата и целта за заштитување на едно подрачје како национален парк. Особено затоа што знаеме кај нас дека не се почитуваат обврските за биолошки минимум проток. Во оваа смисла според нив, поради ова зонирање кое што е скроено за потребите за реализацијата на хидро енергетските проекти и како што на денешната дебата и самите експерти констатираа дека бафер зони се воспоставуваат за непречено функционирање на хидроенергетски проекти и хидросистемите, дополнително  треба да се земе во предвид дека овој закон е основа и за планот за управување и не смее да се дозволи Нацрт законот да биде во спротивност со Законот за заштита на природата, врз основа на кој што се донесува, како и спротивно од  Законот за води. Спротивно Законот за заштита на природата член 5, 7, 12, одредбите за НАТУРА 2000, односно националната еколошка мрежа која што постојано ја забораваме, но и спротивно Законот за води, односно член 15 кој дефинира приоритети за користење на водите. Исто така, потенцираа дека при изработката на овој закон мора истиот да биде усогласен со Националната стратегија за води која што е стратегија која ја носи Владата и во истата стои дека задолжително треба да се земат во предвид при изготвувањето на сите документи и

уредувањето на просторот во целите за развој на Република Македонија треба да се земат во предвид заштитата на природните ресурси и заштитата на животната средина. Со изработката на овој закон, односно дозволувањето на изградбата на малите хидроцентрали се коси со член 62, став 5 од Законот за води.

Заклучок: Согласно член 97 од Законот за заштита на природата, тие бараат идното заштитено подрачје националниот парк Шар планина да биде ставено во режим на привремена заштита, се додека не се изработи Студија за оцена на кумулативно влијание на малите хидроелектрани врз режимот на водите во сливното подрачје на Шара, потоа да се ревидира зонирањето по изработката на оваа студија и да се изработи нов нацрт закон. Во изработката на оваа студија да бидат земени во предвид обврските за развивање на катастарските локации и забраната за хидро енергетски проекти во заштитени подрачја, согласно Стратегијата за енергетика, но и Програмата за работа на Владата.

Дополнително во чет од Евгенија Крстевска: Дали во оваа постапка се врши и законски обврзната консултација со јавноста за Нацрт-извештајот за проценка на регулативата овој Нацрт-закон? Зошто во зонирањето се овозможуваат бафер зони кога и самите експерти денес кажаа дека тие се воспоставуваат за непречено функционирање на хидроенергетските проекти а самото нивно постоење со коси со целите на заштита предвидени со Законот за заштита на природа?

**Одговор во чет од МЖСПП**: Нацрт ПВР беше објавен заедно со Законот и самите го цитиравте и од презентацијата. Така што да, се прави и е предмет на расправата.

**Влатко Алексоски, Претседател на Ловечката федерација на Македонија** Најпрво се заблагодарува што конечно официјално е поканета Ловечката федерација на Македонија на јавна дебата, со што би имале можноста да го кажат нивниот став, мислење во однос на евентуалното прославување на Шар Планина за заштитено подрачје, односно повисоко ниво национален парк .

Во текот на дебатата, на чат, поставиле конкретно прашање за тоа што ќе се случи со актуелните важечки договорите за концесија на дивечот во ловиштата што се наоѓаат на територијата на тие 83000 хектари, предвидени да бидат опфатени во идниот национален парк? Што ќе се случи со актуелните договори, бидејќи беше вклучена извесна Менка, како експерт за оваа област, и не биле задоволни од одговорот , поточно не слушнале одговор на нивното прашање. Бидејќи не очекувал тука некој учесник на дебатата да даде одговор на ова прашање, го кажува нивното видување на овој проблем.

На маса се поставува предлог нацрт закон за прогласување на Шар Планина за Национален Парк , а оставате отворени прашања како што е прашањето што со актуелните договори? Од картата што ја имаат, мапата гледаат дека имаме зони на строга заштита каде што не можат да се користат природните ресурси, а тука спаѓа и дивечот, така да тие се загрижени за актуелните договори за концесија, бидејќи тие со државата се влезени во облигациони односи, имаат важечки договори. Значи, ако дојде до еднострано раскинување на важечките договори од страна на државата, тогаш тие ќе мора да бидат принудени како Ловечка федерација на Македонија да ги анимираат сите засегнати ловечки друштвата од тој регион и да ја тужат државата што ќе има големи финансиски консеквенции по однос на буџетот на државата. Овој проект заштита на Шар Планина односно национален парк , според нивните видување го товарат на грбот на ловството, бидејќи тука се работи за вековна традиција за ловство. Ловечките друштва што стопанисуваат со ловиштата во овој регион имаат многу вработени луѓе кои што живеат , егзистираат од ловството како вработени кај овие концесионери кои што стопанисуваат со овие ловишта и со евентуалното прогласување на Шар Планина за национален парк и со еднострано раскинување на нивните договори од страна на државата, ќе настане прекинување на вековната традиција на лов, многу луѓе ќе останат без работа, а зборот заштита кој што цело време во дебатата го потенцираат експертите, дури и на прашањето на Љубиша како претставник на едно од ловечките друштва што со ловството во овој регион, Менка кажала дека „ не може кој што сака да прави, туку во идното заштитено подрачје, односно национален парк ќе биде контролиран ловот“. Замолува, да не ги доведуваме во заблуда учесниците, со еднострано раскинување на договорите, тука веќе нема да има лов како стопанска дејност. И не само во овој регион , туку генерално во ловството во цела Македонија ловот е контролиран, тие имаат лово чуварски служби и тоа добро организирани и опремени, значи ловот е организиран, има и Државен Инспекторат за шумарство и ловство под чиј мониторинг се нивните ловишта и нивното работење. Така да, мисли дека не е на место констатацијата дека досега се стопанисувало неконтролирано, а во идното заштитено подрачје ќе се стопанисува контролирано. Во интерес на времето ќе го каже нивниот официјалниот став, и ќе зборува за Шар Планина како идно заштитено подрачје, односно национален парк, а неговот мислење ќе го генерализира за цела Македонија, бидејќи имаме еден голем процес на отпочнување на прогласување на многу македонски планини за заштитени подрачја. Во моментот 8, 9 % од територијата на Македонија е заштитено подрачје. Со отпочнатите проекти Осоговски планини, Шар Планина, Јабланица, проширување на заштитениот појас кај Тиквешко Езеро и останати планини, ќе дојдеме до една бројка на 100% заштитени подрачја на македонските

планини што опфаќа 50 % проценти од територијата на цела Македонија. Мисли дека тоа е една сулуда идеја и сулуда кампања, бидејќи нема таков пример во светот на таков процент на заштита од територијата на една држава. Ја зема за пример соседна Бугарија, која што ете ние љубиме да ги пратиме параметрите на Европската Унија, тие се членка на ЕУ , во моментов имаат само 5% од територијата на Р. Бугарија како заштитено подрачје и не им паѓа на памет било каков проект за понатамошно зголемување на овој процент. Значи, тука не е само загрозено ловството, туку многу други дејности и стопански гранки кои што егзистираат од користење на природните ресурси во овие подрачја.

**Модераторот** укажа, како што впрочем беше презентирано и преку презентацијата, дека може, до архивата на МЖСПП, да се доставаат забелешки и коментари. Исто така, достапни се 3 броеви од Архус Центарот. Преку оваа алатка што ја нуди МЖСПП,  сите сугестии и коментари кои не стигнале да ги искоментираат на дебатата како што треба. Тука е и крајот на јавната дебата. Се што е пишано во чат и кажано ќе биде забележано и соодветно одговорено во самиот извештај. Можно е луѓето да бидат контактирани од самото МЖСПП и тука е нивната (МЖСПП) транспарентност. Има одреден процент на луѓе во Шар Планина, отприлика 87% кои што мислат дека Шар Планина треба да се прогласи за национален парк. Веќе имаме одредени иницијативи и дојдени сме до самиот нацрт законот, кој што денес беше презентиран на дебатата.

**Експертски тим:** Укажува дека доколку е добро поставена целата работа, а смета дека истата е добро поставена, и експертскиот тим ги разгледуваше сите аспекти, и природните богатства и вредности кои што се уникатни, но и потребите на луѓето кои во ниеден момент не се запоставени при разгледувањето  на студијата и на предлог законот, дека нема пример во светот каде што националниот парк или заштитеното подрачје, го гуши локалното население. Напротив, дава потстрек за побрз и подобар економски развој и останување на населението на тој простор, развој на инфраструктура и тн. Се е тоа фино регулирано и не случајно борбата, посебно во релативно сиромашните предели каде и да е, е фактички борба да се има што повеќе на национално ниво, па и на меѓународно ниво заштитени подрачја. Тие се и посебно во иднина ќе бидат, на некој начин, носач на забрзан развој на даден простор. Се надева дека токму тоа Националниот парк Шар Планина ќе поттикне бројни нови дејности и работи со кои што ќе се постигне подобра иднина, особено за младите луѓе на тој простор.

Модераторот, се заблагодарува на сите за присуството и активното учество на дискусијата.

Расправата заврши во 15:20 часот.

**Забелешки/Предлози/Коментари од Јавноста (Граѓани)**

**Онлајн Петиција за МХЕ потпишана од граѓани**

**Истиот образец добиен од:**
**Југослава Поленак Дуковска од Скопје, 5.11.2020**
**Стефан Атанасовски од Скопје, 12.11.2020**
**Жаклина Анастасова од Скопје*1**
**Марина Трајковска од Скопје (без други податоци)*1, 13.11.2020**
**Сандра Стевковиќ од Скопје (без други податоци)*1, 16.11.2020**
**Емилија Радева (без други податоци)*1, 16.11.2020**
**Даниела Дојчиноска, Охрид, *1, 13.11.2020**
**Мирослав Богдановски од Скопје (без други податоци), *1, 20.11.2020**

Во воведниот дел на предлог-законот наречен ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ стои дека „Земајќи ги предвид специфичните природни убавини, богатиот и ендемичен растителен и животински свет, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики и пејзажните и пределните вредности, Шар Планина ги исполнува критериумите да биде прогласена за заштитено подрачје од II категорија - Национален парк".

Основна цел на ова законско решение е прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје од втора категорија - Национален парк, заради обезбедување на заштита на исклучителните природни убавини и вредности, разновидноста и богатството на биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните, пределните и други вредности, како добра од јавен интерес

Мојот коментар е следниов: Доколку основната цел на овој е закон заштита на Шар планина како национален парк поради особените вредности и доколку предлагачот на законот стои на ставот дека природните добра се добра од јавен интерес, не смее да дозволува продолжување на постапките за изградбата на хидроцентрали во склоп на идниот национален парк.

Не може да биде поголем јавен интерес изградбата на приватни инвестициски зафати со кои битно се нарушува изгледот, биолошките, морфолошките и пејсажните карактеристики и кои претставуваат закана за биодиверзитетот на конкретното подрачје, загрозување на опстанокот на растеителниот и на животнинскиот свет и засекогаш го менува карактерот на подрачјето каде се гради од заштитата на природните добра во паркот.

Јас како граѓанин на Република Северна Македонија, во чие име законодавецот го носи законот за заштита на дел од Шар планина како национален парк барам итно да се запре изградбата на сите хидроцентрали, да се одземат сите дозволи дадени на концесионерите и да се раскинат договорите за концесија. Исто така барам онаму каде веќе е започната изградбата на објектите - мали хидроцентрали како и на помошните објекти - цевководи, темели и пристапни патишта, да им се наложи на концесионерите да ги вратат во првобитна состојба со цел остварување на главната цел на законот, а тоа е заштита на природата на Шар Планина.

**Истиот образец добиен од:**

- **Даниела Дојчиноска, Охрид, *2, 13.11.2020**
- **Дејан Доневски , бул.XXXXXXXXXXXXXXXXXXXX, Скопје**

- Марина Трајковска од Скопје (без други податоци)
- Гордана Змијанац од Движење за чист воздух, 16.11.2020
- Сандра Стевковиќ од Скопје (без други податоци)*3, 16.11.2020
- Емилија Радева (без други податоци)*3, 16.11.2020

За негативното влијание на малите хидроцентрали врз природата постојат многу експертски анализи и оцени, вклучувајќи ги и анализите и препораките во клучните стратегии:

Во Националната стратегија за заштита на природата на стр. 96 во анализата на „Закани и предизвици за хидролошките вредности", влијанието на малите хидроцентрали, особено кумулативното влијание, се оценува со „Голем степен на закана";

Во Извештајот за СОВЖС на Енергетската стратегија се наведува: „Може да се констатира дека според бројот на планирани локации овие
инфраструктурни објекти (МХЕЦ) за користење на водите се голема закана за природата. Уште повеќе ако се има предвид дека економските придобивки се многу мали не само за населението,туку и стопанството. Имено, сите мали ХЕЦ се планирани на мали притоки, најчесто во горните делови на нивните сливови,каде што протоците се мали, а ранливоста на природниот терен и екосистемите многу голема. Уште повеќе, ако се има предвид ниската еколошка свест за имплементација на мерките за заштита и реставрација на речните корита и нивните сливови, може да се констатира потребата од преиспитување на можните локации за изградба на мали ХЕЦ и зајакнување на контролата за издавање на концесии.„ (стр.77) „При изработката на Програмата за спроведување на Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година се препорачува при изборот на конкретни проекти да се изоставаат националните заштитени подрачја, како и подрачјата предложени за заштита (национална мрежа на заштитени подрачја, Емералд, Натура 2000)." (стр. 136))

Спротивно на законските одредби, овој Предлог -закон не ги зема во предвид фактите за негативното влијание на малите хидроцентрали и
препораките изнесени во клучните релевантни студии, стратегии, извештаи за влијание, итн. Наместо да спречи и превенира – овој закон озаконува изградба на хидроцентрали, односно идна деструкција на паркот кој го прогласува за заштитено подрачје.

Барам Министерот за животна средина, во согласност со член 67 од Законот за заштита на природата да го стави идното заштитено
подрачје-национален парк Шар планина во режим на привремена заштита, а Нацрт-законот да се ревидира целосно, со цел истиот да овозможи спроведување (а не спречување) на Законот за заштита на природата и исполнување на препораките од СОВЖС Извештајот за Енергетската стратегија.

- Прекршување на Упатството за спроведување на проценката на влијанието на прописот врз животната средина

Во пропратната документација на Нацрт-законот на ЕНЕР е објавен и Нацрт-извештај за проценка на влијанието на овој пропис врз животната средина. Истиот не е во согласност со член 12 ст.2 од Упатството за спроведување на проценката, кој наметнува обврзно разгледување на најмалку 3 алтернативи на прописот. Нацрт-извештајот содржи само 2: алтернатива без и со законот.

Барам ревизија на Нацрт-извештајот за влијание врз животната средина, со цел истиот да биде усогласен со Упатството (член 12, став 2), односно да ги содржи законски обврзните 3

можни решенија. Бараме, како трета алтернатива на Законот, да се разгледа верзија која не содржи членови кои овозможуваат изградба на нови хидроцентрали на територијата на идното заштитено подрачје.

Истиот образец добиен од:

- Марина Трајковска од Скопје (без други податоци)*2
- Сандра Стевковиќ од Скопје (без други податоци)*2, 16.11.2020
- Емилија Радева (без други податоци)*2, 16.11.2020
- Томислав Трифуновски, Тетово, 19.11.2020
- Даниела Дојчиноска, Охрид, *3, 13.11.2020

Предлог-законот за Шара е во дијаметралната спротивност со еден од „клучните приоритети" на нашата Влада, истиот изобилува со законски прекршувања. Закон чија основна цел е да ја заштити природа, а истата ја зонира за потреби на реализација на проекти за мали хидроцентрали – е закон кој озаконува прекршување на закони.
Од приложеното во предлог-законот евидентни се рекршувања на матичниот Закон за заштита на природата, непочитување на Националната стратегија за заштита на природата и СОВЖС Извештајот за Националната стратегија за развој на енергетиката.
Член 4, став 5 (цели на Законот за заштита на природата) гласи:
„спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата" Член 7 (начела на кои се темели заштитата на природата): став 4.гласи:
„Начело на претпазливост - доколку врз основа на современи научни и техничко-технолошки сознанија се заклучи дека одредена активност или вршење на дејност би предизвикала штетни последици за природата ќе се преземат потребните мерки и активности и пред да се добијат научни докази дека штетните последици би можеле да настанат"; став 5. „Начело на превенција - право и обврска на правните и физичките лица е да преземаат мерки и активности за заштита на природата пред да настанат штетните последици"; Член 12 од истиот закон гласи: Забрането е користење на природата на начин кој предизвикува:
1) оштетување или уништување на биолошката и пределската
разновидност; 2) деградација на почвата и губење на нејзината плодност; 3) оштетување на површинските или подземните геоморфолошки вредности; 4) загадување и
промена на режимот на водата и 5) загадување на воздухот;
Член 72 (кој ја дефинира смислата и причината поради која се прогласува национален парк) гласи: став (1) Националниот парк е просторно природно подрачје на копно или вода кое опфаќа еден или повеќе сочувани или незначително изменети екосистеми, со особени повеќекратни природни
вредности, кое се воспоставува заради заштита на еколошките процеси, како и на видовите и екосистемските карактеристики комплементарни на подрачјето.; став 2) Прогласувањето и заштитата на националниот парк
обезбедува основа за зачувување на изворното природно и културно
богатство.
Спротивно на законските одредби, овој Предлог -закон не ги зема во предвид фактите за негативното влијание на малите хидроцентрали и
препораките изнесени во клучните релевантни студии, стратегии, извештаи за влијание, итн. Наместо да спречи и превенира – овој закон озаконува изградба на хидроцентрали, односно идна деструкција на паркот кој го прогласува за заштитено подрачје.
Барам: Министерот за животна средина, во согласност со член 67 од Законот за заштита на природата да го стави идното заштитено

подрачје-национален парк Шар планина во режим на привремена заштита, а Нацрт-законот да се ревидира целосно, со цел истиот да овозможи спроведување (а не спречување) на Законот за заштита на природата и исполнување на препораките од СОВЖС Извештајот за Енергетската стратегија.

| Коментари добиени од граѓани |
| --- |

**Жаклина Анастасова од Скопје (*2 и *3)**

2. Mora da se proglasi leg specialis so posebno nezavisno telo za upravuvanje.
Opshtinata ne smee da se mesha vo rabotata na ova telo, sostaveno od eksperti od oblasta, na koi na prvo mesto cje im bide opstanokot na planinata, profitot na vtoro mesto.
Ne smeete ni da pomislite da gradite povecjekatnici, a so posebnoto telo za upravuvanje so Nacionalniot park toa cue se sprechi, bidejcji se kosi so prirodnite zakoni.

3. Jas, Zhaklina  Anastasova se sprotivstavuvam na vashata namera da dozvolite izgradba na mali hidrocentrali vo idniot zashtiten Nacionalen park Shar Planina.
Nema nikakva nitu logika,  nitu nivnata izgradba cje gi zashtiti prirodnite bogatstva i zhiviot svet.
Isto taka cje gi presushat izvorite, od koi se napojuvaat zhivotnite, se odrzhuva shumata i se snabduvaat so voda zhitelite na okolnite sela.
Kako planirate da ja zashtitite Leshnichka shuma, a Leshnica dozvolivte da se smesti vo cevka i ja presushivte ushte sega vo izgradba?
Barame da se zabrani izgradbata na mali hidrocentrali, a vecje izgradenoto da se prekine i dovede vo prvobitna sostojba.

**Александар Самарџиев (Нема други податоци)**

Во нацрт законот аа прогласување на Шар Планина за национален парк треба да се интервенира околу границите на националниот парк за селата на потегот од Непроштено до граница со Косово. Затоа што овде границите на националниот парк се од над нашите куќите нагоре а тоа се нашите приватни имоти. При што ни е ограничено се, стопанисување со нашите приватни имоти. Ние би сакале да се зборува околу границите пред да се усвои законот.

**Огнен С. (Нема податоци)**
**Марија Аргировска (Нема податоци)**

Уништувањето на животната средина што ве плаќаме да ја заштитите ќе биде неповратно по градењето на хидро-централи на Шара. Освен природата, ќе се уништи и еко-системот, а и животот на локалното население.
Ваша задача не е да направите можност за тривијален профит и незначително количество енергија на газдите на хидро-централите кои што добиваат пари од субвенции од даноци на сите граѓани.
Ваша задача е да го заштитите природниот дар што го имаме, и за следните генерации, но и за самиот жив свет што таму живеел и ќе живее мнооогу подолго од нашата потреба за струја и алчноста на некои газди за пари.
Се надевам дека под итно ќе ги послушате сите загрижени еколошки здруженија и претставници на жителите околу Шара и ќе направите ревизија на предлог-законот.

**Сретен Коцески (Нема податоци)**

Pocituvani,

Vo vrska so povikot za dostavuvanje na predlozi vo odnos na zakonot, bi sakal da go predlozam slednoto:

1. Predvidenoto podracje za nacionalen park, vednas da se stavi vo rezim na privremena zastita.
2. Vremeno stopiranje na site gradbi i revidiranje na odobrenijata za hidrocentrali so cel da se zastiti bio-diverzitetot.

**Александар Антоски, с. Вратница, 9.11.2020**

Почитувани,

Во последните неколку месеци го следам подготвувањето и презентирањето на предлог-законот (нацрт-закон) за прогласување на Шар Планина за национален парк (НП).

Имајќи во предвид дека Вратница (од каде потекнувам) и околината се засегнати од сето ова, во изминатиот период имав можност:
- да видам промотивни видеа за Шар Планина на националните или локалните телевизии
- да го прочитам и анализирам предлог-законот за НП
- да прочитам статии во печатените и електронските медиуми, и на социјалните мрежи
- да проследам објави на невладините организации
- да слушнам што се дискутира за националниот парк помеѓу луѓето
- и слично...

Во целата оваа работа, како и многу пати до сега - локалното население најпосле се прашува (или воопшто не се прашува).
Иако се планирале неколку јавни расправи околу националниот парк, истите не се одржаа.
Државните органи се вадат на глобалната пандемија, иако изминатите месеци беа топли, и можеше да има јавни расправи на отворено (со запазени медицински протоколи) (на пр. во Вратница има големи спортски терени на отворено, на кои собира стотици луѓе, при што истите да бидат соодветно раздалечени).
I. Јавна интернет расправа
На 5.11.2020 (четврток) имаше јавна интернет расправа организирана од Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП).
Истата траеше нешто повеќе од 2 часа, а присуствуваа околу 80 луѓе.
На расправата имаше неколку луѓе од Вратница и нашиот крај.
Во две третини (2/3) од времето зборуваа луѓе кои биле вклучени во правењето на предлог-законот (професори, експерти, итн...). Презентираа работи кои во најголемиот дел се веќе познати, работи кои можеа да се видат на телевизија, по медиумите.
Само една третина (1/3) од времето (околу 30-40 минути) беше оставено на населението / луѓето, нешто да прашаат, да кажат свои мислења, да дадат забелешки...

Министерот на МЖСПП (Н. Нуредини) се појави на неколку минути, кажа 2-3 збора, и го снема - иако беше најавено дека ќе учествува во одговарање на прашања.
Водителот на расправата (Б. Реџепи) беше селективен во давањето на можност за поставување на прашања и давање на забелешки (колку да се рече дека и локалното население било вклучено во расправата).

Многу работи останаа нејасни или неодговорени (бидејќи експертите или одговараа недефинирано, или повторуваа веќе познати општи работи).
На пример:
- Дали со создавање на национален парк Шар Планина конечно се става крај на изградбата на мали хидроцентрали?

- Дали на имотите на луѓето кои ќе бидат дел од националниат парк им се заканува одземање / забрана за користење?
- Зошто во општините Јегуновце и Теарце паркот започнува веднаш над куќите, и што е со слободното движење во шума?
- Што се планира со концесиите за лов кој ги имаат добиено ловечките друштва од нашиот крај?

- Зошто министерствата (МЖСПП и останатите) не успеале во цели два месеци да организираат каква и да било вистинска јавна расправа со локалното население од Јажинце до Вруток, туку се вадат на една интернет расправа (со помалку од 1 час достапен за поставуање на прашања и забелешки, и добивање на одговори)?
- Дали со сигурност ќе биде забрането градење на какви и да било комерцијални објекти во националниот парк, со што би се загрозила природата (шума, води, животни, растенија...), и имотите и дејностите на локалното население?
- Со што се гарантира дека раководството на националниот парк Шар Планина нема да биде подложно на корупција и доделување на проекти од ракав (на бизнисмени, пријатели, со врски...)?
- Како да се сфати сериозно предлог-законот за националниот парк кога воопшто не се консултира локалното население (нема вистински јавни расправи), на кое население пак ќе се повикуваат и при донесување на детален план (во пролет 2021) за функционирање на НП Шар Планина (демек тогаш пак ќе го консултираат населението за ова)?
- Дали претставници од локалното население ќе имаат свои луѓе во раководството на паркот?
- Македонските министерствата се под критики од Европската Унија дека малку или воопшто не ја вклучуваат јавноста во планирањето и реализацијата на проектите. Дали со само една интернет расправа мислат да се провлечат во случајот со НП Шара?
- Итн...

Искуство од јавната интернет расправа, и дека не е се’ така розово како што се претставува, туку дека има доста кршење на постоечки закони за заштита на прородата, закон за води, итн... - можете да прочитате и во следните статии...

- https://makfax.com.mk/top/%D1%84%D1%80%D0%BE%D0%BD%D1%82-2142-%D0%BD%D0%B5%D0%B7%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D1%80%D0%B0%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF/
- https://www.slobodenpecat.mk/zdruzhenieto-front-21-42-bara-revidirane-na-predlog-zakonot-za-shar-planina/

II. Праќање на мислења, забелешки и критики за законот и паркот

Верувам дека многу поединци, групи и организации ќе праќаат коментари, мислења и забелешки за предлог-законот за националниот парк Шар Планина до Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Архус Центарот.

Исто така, писма со информации, забелешки и критики за изготвувањето на предлог-законот за Шара ќе бидат пратени и до меѓународни организации и здруженија (Обединети Нации, Европска Унија, итн...) кои:
- се грижат за животната средина и нормалниот живот на локалното население во и околу националните паркови
- се грижат за вклученоста на јавноста во проекти поврзани со животната средина

**Со голем дел од овие меѓународни организации македонските министерства имаат директна или индиректна соработка, и во добар дел добиваат и финансиска поддршка за реализација на проектите.**

**II. Завршни зборови...**

**Верувам дека горе-долу во сечиј интерес во нашиов крај е да има какво-такво организирање и заштита на Шар Планина.**
**Сепак, не дозволуваме (во Вратница и околината) господата од Скопје да не' превеслаат / мамат, како што тоа го правеа со Вратничка Река во изминатите 7-8 години (влечи наваму, влечи натаму - обиди за изградба на мали хидроцентрали при кршење на многу закони на Република Македонија).**
**И покрај тоа што од 'Министерство за животна средина и просторно планирање' се обидуваат со само една јавна онлајн расправа да ги надополнат пропуштените можности за директни јавни расправи со локалното население (меѓу кои и со жителите на Вратница и околините населени места), сметаме дека тоа не е решение.**
**Доколку поради глобалната пандемија со корона вирусот не можат да организираат вистински локални расправи, можеби е најдобро процесот околу националниот парк Шар Планина да го одложат за подобри денови.**
**Имајќи ги во предвид сите случувања околу Вратничка Река од 2013 година до денес - нема да дозволиме нешто сомнително да ни' се провлече низ мала врата и овој пат.**
**Подготвени сме да сослушаме и да дискутираме за Шар Планина, но на вистинска опуштена локална расправа, а не на некоја си таму интернет расправа.**
**Секое мислење и забелешка од наша страна (поединци, групи, организации, бизниси, иселеници... од Вратница и околината, кои се засегнати со целава работа) може да биде само од полза, а не на штета на предлог-законот за Шара.**
**Бидете добронамерни и активни за зачувување на животната средина, но и за животот на луѓето од нашиот крај.**
**Поздрав со Вратница!**

Коментари добиени од Здруженија на граѓани/Движења и Иницијативи

ПЕТИЦИЈА SOS ОХРИД/ЕДЕН

**Со голема загриженост ги проследив информациите поврзани со текстот на Нацрт-законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк кои во јавноста ги споделија активистички групи што се борат за заштита на животната средина.**

**Имајќи ја предвид климатската криза;**
**Имајќи го предвид степенот на уништување на животната средина за профит;**
**Имајќи ги предвид осиромашувањето, загубата на квалитетот на живот и здравјето како резултат на узурпирањето на природните ресурси за личен интерес на поединци;**

**Ги поднесувам следниве коментари до вас и очекувам да застанете целосно во заштита на јавниот интерес и да придонесете за изработка на закон со кој ќе се обезбеди полна заштита на еден од ретките последни предели во земјава кој изобилува со издашни извори на чиста, планинска вода.**

**Најпрво, од вас барам во склад со Архуската конвенција, да осигурате доследно спроведување на процесот во согласност со закон, да обезбедите ефективна вклученост на сите заинтересирани засегнати страни и да спречите консултацијата – како многупати досега – да се одвива само про форма, со недозволиво игнорирање на забелешките и загриженоста на граѓаните и активистите и исклучувањето на нивните издржани забелешки од крајните верзии на актите што влегуваат во сила; но и со катастрофални пропусти во самите законски**

процедури за усвојување на конкретните акти.

Со отпочнувањето на процесот за консултација по Нацрт-законот, прекршено е Упатството за спроведување на проценката на влијанието на прописот врз животната средина. Во придружната документација на Нацрт-законот на ЕНЕР е објавен и Нацрт-извештај за проценка на влијанието на овој пропис врз животната средина. Истиот не е во согласност со член 12 став (2) од Упатството за спроведување на проценката, каде што се наметнува обврзно разгледување на најмалку три алтернативи на прописот. Нацрт-извештајот содржи само две: алтернатива без и со законот.

Понатаму, Нацрт-законот кој изобилува со законски прекршувања е во дијаметралната спротивност со еден од „клучните приоритети“ на нашата Влада. Закон чија основна цел е да ја заштити природа, а истата ја зонира за потреби на реализација на проекти за мали хидроелектрани – е закон кој озаконува прекршување на закони. Од приложеното во Нацрт-законот евидентни се прекршувања на матичниот Закон за заштита на природата, непочитување на Националната стратегија за заштита на природата и СОВЖС Извештајот за Националната стратегија за развој на енергетиката. Постои прекршување на следните одредби:

 Ревизија на Нацрт-извештајот за влијание врз животната средина, со цел истиот да биде усогласен со Упатството (член 12, став 2), односно да ги содржи законски обврзните 3 можни решенија. Барам, како трета алтернатива на Законот, да се разгледа верзија која не содржи членови кои овозможуваат изградба на нови хидроелектрани на територијата на идното заштитено подрачје.
 Итно да се запре изградбата на сите хидроелектрани, да се одземат сите дозволи дадени на концесионерите и да се раскинат договорите за концесија. Исто така, барам онаму каде што веќе е започната изградбата на објектите - мали хидроелектрани како и на помошните објекти – цевководи, темели и пристапни патишта, да им се наложи на концесионерите да ги вратат во првобитна состојба со цел остварување на главната цел на законот, а тоа е заштита на природата на Шар Планина.
 Министерот за животна средина и просторно планирање, во согласност со член 67 од Законот за заштита на природата да го стави идното заштитено подрачје – Национален парк Шар Планина во режим на привремена заштита, а Нацрт-законот да се ревидира целосно, со цел истиот да овозможи спроведување (а не спречување) на Законот за заштита на природата и исполнување на препораките од СОВЖС Извештајот за Енергетската стратегија.

Спротивно на законските одредби, со овој Нацрт-закон не се земени предвид фактите за негативното влијание на малите хидроелектрани и препораките изнесени во клучните релевантни студии, стратегии, извештаи за влијание, итн. Наместо да спречи и превенира – овој закон во својата суштина озаконува изградба на хидроелектрани, односно идна деструкција на паркот кој се прогласува за заштитено подрачје, иако декларативно во воведниот дел на Нацрт-законот насловен ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ стои дека „Земајќи ги предвид специфичните природни убавини, богатиот и ендемичен растителен и животински свет, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики и пејзажните и пределните вредности, Шар Планина ги исполнува критериумите да биде прогласена за заштитено подрачје од II категорија - Национален парк“.

Според член 93 став (3) од Законот за заштита на природата, зонирањето се утврдува и со самиот закон и со планот за управување. Со ова, преку членовите 7, 8, 9 и 10 од Нацрт-законот се овозможува да се изградат сите 16 мали хидроелектрани (МХЕ-и) од кои дел се

моментално само во план, а не и изградени (страници 15 и 253 - 255 од Студијата за валоризација на Шар Планина).

Како што е изнесено на стр. 15 од Студијата за валоризација на Шар Планина „Фактот дека на Шар Планина досега се изградени, во градба или планирани 70-тина мали хидроелектрани претставува едно од најважните прашања и закана за зачувувањето на природата на планината. Досега, на планината видливи се конструкции поврзани со МХЕ, на 26 локации, од кои во предлог подрачјето за заштита влегуваат 16 локации. Во рамки на предлог подрачјето за заштита, за 8 локации врзани со мали хидроелектрани се склучени договори за концесија, за кои или нема издадено дозвола за градење или сè уште не е започната градбата, а дополнително е планирана изградба на МХЕ објекти на уште 32 локации.

Досега не е изработена студија за кумулативните влијанија на МХЕ-и врз хидролошкиот потенцијал во сливното подрачје на Шар Планина и не може се точност да се определи нивниот интензитет, особено во подрачјето кое е предмет за идна заштита“.

Дополнително, за мене е огромен проблем што во еден документ што се нарекува Студија за валоризација забележувам контрадикторни ставови во однос на влијанијата на МХЕ-и. Па така на стр. 255 од Студијата, за производството на електрична енергија од вода се вели дека има несомнен „позитивен аспект на изградба на малите електрани во смисла на поддршка на енергетскиот систем на земјата и искористување на водниот потенцијал за производство на енергија“. Без оглед на понатамошното изнесување на недостатоците, впечатокот е дека авторите на Студијата ги сметаат МХЕ-и за корисни во извесна смисла, што не може да биде подалеку од вистината.

Хидроелектраните се познати најмалку по несогледливите штети врз биодиверзитетот, продлабочувањето на сиромаштијата и одземањето на основните ресурси за живот и работа на локалното население што е недвосмислено нотирано во национални документи кои се наведени подолу во текстот. И тоа не е единствениот товар што паѓа на граѓаните – со субвенционирањето на производството на енергија од вода преку сметките за струја што ги плаќаме, ние, граѓаните, всушност го амортизираме „ризикот“ на инвеститорите кои воопшто не се загрижени што нè осиромашуваат. Малите хидроелектрани се финансираат преку сметките за струја во форма на повластени тарифи, според Законот за енергетика, односно 6% од парите кои ги плаќаме ние, граѓаните, се наменети за субвенционирање на малите хидроелектрани. Без поттик од субвенциите, 90 отсто од постројките едноставно би биле нерентабилни. Субвенциите го направија бизнисот со малите хидроелектрани многу рентабилен – за градежните фирми, за банките и, веројатно најмногу, за инвеститорите.

Во последните 10 години државата за мали хидроелектрани издвоила 72 милиона евра.

За негативното влијание на малите хидроелектрани врз природата постојат многу експертски анализи и оцени, вклучително и анализите и препораките во клучните стратегии:

Во текстот се вели дека основна цел на ова законско решение е прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје од втора категорија - Национален парк, заради обезбедување на заштита на исклучителните природни убавини и вредности, разновидноста и богатството на биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните, пределните и други вредности, како добра од јавен интерес.

Доколку основната цел на овој е закон заштита на Шар Планина како национален парк

поради особените вредности и доколку предлагачот на законот стои на ставот дека природните добра се добра од јавен интерес, не смее да дозволува продолжување на постапките за изградбата на хидроелектрани во склоп на идниот национален парк.

Не може да биде поголем јавен интерес изградбата на приватни инвестициски зафати со кои освен што се отежнува или оневозможува животот на локалното население, битно се нарушуваат изгледот, биолошките, морфолошките и пејзажните карактеристики. Не може да се категоризираат како јавен интерес инвестициски зафати што претставуваат закана за биодиверзитетот на конкретното подрачје, загрозување на опстанокот на растителниот и на животнинскиот свет, а згора на тоа нивната профитабилност да е економски неоправдано овозможена со субвенции со пари од граѓаните.

Дури и во самата Студија за валоризација, на 350 стр. во делот 8.2 Препораки за управување со природните ресурси е експлицитно наведено следново:

„Заради зачувување на исклучителните природни вредности во идниот национален парк, но и економскиот развој на подрачјето и државата, при зонирањето беа земени предвид сите изградени МХЕ и оние за кои се склучени договори за концесија и издадена дозвола за градење, освен една МХЕ, на река Мазрача која се наоѓа во зоната за активно управување и уште една МХЕ која се наоѓа во зоната за строга заштита. Последната е лоцирана во предлог зоната за строга заштита, на околу 2,300 m н.в.на река Пена, а заради исклучителните природни вредности и геолошки карактеристики на теренот, како и влијанијата што ваквата градба може да ја предизвика врз нив (не исклучувајќи ги и опасностите врз самата инвестиција, предизвикани од можните геолошки промени и интервенции на теренот), строго се препорачува да се запрат сите планирани активности. За сите останати МХЕ, планирани и оние за кои сè уште не е издадена дозвола за градење, предлагаме да бидат стопирани постапките, со цел да се зачува природното богатство на идниот национален парк, а истовремено да се обезбедат можности за развој на одржливи форми на туризам, каде природата е најважниот елемент. Исто така, препорачуваме, за сите МХЕ, кои ќе продолжат да функционираат во идното заштитено подрачје, да се преиспита влијанието врз заштитеното подрачје и доколку се оцени дека истите имаат значително влијание, со последици по основните природни карактеристики на заштитеното подрачје, да не се продолжува договорот за концесија (по исполнување на веќе определениот рок на траење на издадената концесија)“.

Во Нацрт-законот зонирањето на националниот парк е скроено за да го овозможи постоењето на актуелните МХЕ-и, но и да остави простор за планирани, а моментално неизградени. Со такво зонирање е занемарен принципот на заштита и неточно е проценета економската придобивка од МХЕ-и. Следствено, зонирањето во Нацрт-законот е потребно да се коригира и да се ревидира во согласност со научно издржани критериуми.
Врз основа на сето претходноизнесено, јас како граѓанин на оваа земја, во чие име законодавецот го носи законот за заштита на дел од Шар Планина како национален парк, барам:
Одговорното управување со природните ресурси ќе ни ги зголеми шансите за преживување на Земјата. Со нерационални, себични и спротивни на науката политики, Земјата нема да ја уништиме. Единствено ќе ги уништиме условите за преживување на човечкиот вид на неа.

Со почит и искрена загриженост,
Поддржана од:
- Горјан Јовановски, Eco Activist, TED Speaker, Software Engineer (нема други податоци), 17.11.2020

- Ирена Илиева, Струмица (нема други податоци), 17.11.2020
- Славе Митров, Струмица (нема други податоци), 17.11.2020
- Драгана Велковска, Скопје, 17.11.2020
- Славица Чурулинова, Радовиш, 17.11.2020
- Ангела Мариноска, Охрид, 17.11.2020
- Кирил Соколов (Нема други податоци) 17.11.2020
- Влатко Јанчевски,  (Нема други податоци) 19.11.2020
- Дамјан Сурлевски, 20.11.2020
- Ана Христовска Зафировска, (Нема други податоци) 20.11.2020
- Дарко Расовски Петровски, Скопје, (Нема други податоци) 20.11.2020

---

**Ловечка федерација на Македонија**

ЛОВЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-114/1
22.10. 2020 год.
СКОПЈЕ

Скопје, 22.10.2020 година

До
Министерство за животна средина и просторно планирање

***Предмет: Забелешка по Нацрт на Законот за прогласување на дел од Шар планина за Национален парк***

Ловечката Федерација на Македонија како легитимен застапник на концесионерите на дивечот во ловиштата и ловците во Македонија со внимание ги следиме вашите активности за прогласување на заштитени подрачја на повеќе планински масиви во државата, меѓу кои и дел од Шар планина за Национален парк.

Генерално сме против вашите активности бидејќи се прави директен атак врз ловството како значајна стопанска дејност.

Во моментов, 8,9% од територијата на нашата држава е заштитена што споредено со државите во опкружувањето е висок процент, како пример ќе ја земеме соседна Бугарија која е и членка на ЕУ а во моментов само 4,9% од нејзината територија е заштитена и во моментов, немаат ниту еден проект, односно изработка на природни карактеристики за прогласување на заштитени подрачја од останатата територија на Република Бугарија.

Бидејќи во моментот во нашата држава активни се неколку проекти за прогласување на заштитени подрачја, Осоговски планини, Јабланица, Шар планина во категорија на заштитено подрачје Национален парк, Малешевските планини, проширување на заштитеното подрачје околу Тиквешкото подрачје и други, што значи со евентуално прогласување за заштитени подрачја на овие планини би добиле една „фантастична" процентуална бројка од 50% од територијата на Македонија, односно, 100% од планините во државата, што е апсурд на кој би се смеел целиот свет бидејќи ваков пример нема во светот.

За реализација на овие проекти се предлага еднострано раскинување на договорите за концесија на дивечот во ловиштата бидејќи сите концесионери кои имаат активно договори се влезени во облигациони договори со државата, односно со Владата како

коцедент, па евентуалното еднострано раскинување ќе значи големи финансиски пенали, односно сума на пари кои државата ќе треба да ги исплати, односно обештети концесионерите во овие подрачја. Од друга страна, повеќе од 250 лица се вработени како ловник, ловочувар, технички секретар итн во правните субјекти кои стопанисуваат со ловиштата, што значи половина од овие луѓе би останале без работа, без егзистенција и од нив ќе направите социјални случаи. Најболното во оваа „приказна" која вие ја креирате е што со овие проекти се прекинува вековната традиција на ловство на овие простори која традиција е и сведок и доказ за државноста на нашата држава. Со евентуалното еднострано раскинување на договорите за концесија, државата ќе остане без милионскиот приход по основ на концесија којшто го плаќаат на годишно ниво концесионерите на дивечот во ловиштата.

Во продолжение ќе дадеме конкретни забелешки по Нацрт Законот за прогласување на дел од Шар планина за Национален парк.

1. Предлагате Нацрт Закон во кој никаде не се опфатени и регулирани последиците кои ќе произлезат од евентуално донесување на овој закон, во конкретниот случај прашањето кое го поставува Ловечката Федерација на Македонија: што со актуелните договори за концесија на дивечот во ловиштата, и тоа, во тетовскиот регион, државно ловиште бр.1 ТЕТОВО на управување на ЈП Национални шуми до 03.11.2029 година; ловиште бр.3 ЈАЛОВЈАНЕ, концесионер Шипоња Јашари, договор до 25.04.2032 година; ловиште бр.4 ВЕЈЦЕ, концесионер ЛД Шар планина, договор до 25.04.2032; ловиште бр.5 БРЕЗНО, ЛД Љуботен, договор до 25.04.2032; ловиште бр. 5 А ЉУБОТЕН, ЛД Љуботен, договор до 25.04.2032 година, во гостиварскиот реон, ловиште бр.4 МАДРАЧА, ЛД Кучибаба, договор до 25.04.2032 година и ловиште бр.3 ЈЕЛОВЦЕ, на присилна концесија на ЈП Национални шуми од 23.08.2019;
2. Во ниту еден случај, Министерството за животна средина и просторно планирање, ги нема земено предвид одредбите од Законот за ловството, како и обврските кои произлегуваат од истиот, туку исклучиво се повикувате на Законот за заштита на природата и Законот за животната средина;
3. Во целата досегашна постапка за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк, не се вклучени стручни лица од шумарска струка, кои се компетентни за планирање и спроведување на ловството;
4. При креирањето на границите на Националниот парк, имате непринципиелни критериуми, бидејќи одредени села се опфатени во зона на строга заштита, а некои не, па така овој Нацрт Закон е во спротивност со Законот за сооственост и други стварни права, бидејќи најголемиот дел од површината на Навионалниот парк во однос на сооственост е приватен имот и на сопствениците им се нарушува правото на владение и сопственост!

Би сакале уште еднаш да потенцираме дека Ловечката Федерација на Македонија е ПРОТИВ овој предлог Нацрт Закон и притоа ви сугерираме како Министерство да се позанимавате со негативниот извештај кој го добивте од комисијата при ЕУ,идентичен

како и минатогодишниот, бидејќи урбаните средини се „гушат“ во аеро загадување, што е причина за многу заболувања кај луѓето, значи тука се потребни итни интервенции и проекти, а планините оставете ги на вистинските заштитари!

Веруваме дека правилно ќе не разберете и во иднина активно ќе не вклучите во вашите активности и проекти..!

Со почит,
Ловечка Федерација на Македонија
Претседател
Дипл.Инж.Влатко Алексовски

ЛОВЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ

**Екосвест, Скопје, 18.11.2020**

**Во продолжение Ви доставуваме коментари и предлози за нацрт законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк и се надеваме дека истите ќе ги земете предвид во финализирање на овој значаен закон.**

**Генерални коментари за Нацрт Законот:**
**Потребно е зонирањето да се погледне од аспект на усогласеност со соседните заштитени подрачја, во државата и надвор од нејзините граници (Косово). Ова е од особена важност бидејќи Националниот парк Маврово исто така е во постапка која предвидува ревизија на зоните на заштита, па оттука, синхронизирање на зонирањето за двете подрачја би било од корист за двата процеса. Исто така, во случајот со Шар Планина, потребно е да се ревидира зонирањето согласно користењето на пределите за традиционални економски активности, со цел да се избегне конфликт со корисниците, но и во самиот закон (законот јасно укажува на тоа дека поддржува традиционални економски активности).**
**Конкретни коментари за текстот на Нацрт Законот:**

1. Во Член 8 има грешка при нумерирањето на ставовите. По став 7 има повторно ставови 3,4 и 5. Тие треба да бидат 8, 9 и 10.
2. Во Член 10 има грешка при нумерирањето на ставовите. Став 3 се повторува два пати, по што сите наредни се пониски за еден.
3. Во вториот Став 3 во Член 10 предлагаме да се дополни уште една точка (заштитен појас):
• Внатрешен заштитен појас „Одранска“ и да се дополни соодветен став за овој заштитен појас во членот 10 кој ќе гласи: (х) Внатрешен заштитен појас „Одранска“ со површина од Х хектари, чија цел е да го ублажи влијанието на зафатот и дел од цевководот на МХЕ 105 на река Одранска. Појасот е поставен во широчина од 10 метри од линијата на цевководот, со соодветно проширување на локацијата на зафатот.
4. Во Член 10, став 10, по „зафатот, машинската зграда и цевководот на МХЕ 103“ да се дополни „и зафатот и дел од цевководот на МХЕ 104“. Да се смени површината на појасот соодветно. Согласно, ставот би гласел:
(10) Внатрешен заштитен појас „Габровница“ со површина од Х хектари, со цел да го ублажи влијанието на зафатот, машинската зграда и цевководот на МХЕ 103 и зафатот и дел од цевководот на МХЕ 104 на реката Габровница. Појасот е поставен како 10 метри заштитен појас од линијата на цевководот, со соодветно проширување на локациите на зафатот и машинската зграда, како и со проширување во должина од помалку од 200 метри за пристапниот пат до машинската зграда.
Ви стоиме на располагање доколку имате прашања во однос на нашите забелешки.

---

**Заеднички ставови и барања во врска со Нацрт-законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк од здруженија на граѓани (18.11.2020)**

Ги поздравуваме напорите на Министерството за животна средина и просторно планирање за препознавање на биолошките и природните вредности на Шар Планина и заложбите за нејзино прогласување за национален парк. Се надеваме дека Законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк ќе биде основа за долготрајна заштита на автентичната природа и одржливиот развој на овој дел од нашата земја, како и значаен придонес кон заштитата и унапредувањето на природата во целата држава, но и придонес кон приближувањето на земјата до стандардите и политиката на Европската унија.
Во оваа смисла, како наш придонес во процесот на консултации со јавноста, укажуваме на недостатоци кои ги забележуваме во процесот на усвојување на Нацрт-законот, а особено во самиот документ, а кои сметаме дека може да резултираат со озаконување на постоечката и идната деструкција на вредностите на подрачјето, што би довело до спротивен ефект на законот од зацртаните цели на истиот.
Конкретно:
1. Сметаме дека законски обврзната јавна расправа за овој Нацрт-закон не беше во согласност со националните закони и Архуската конвенција, бидејќи на истата јавноста немаше можност да ги пренесе своите ставови – настанот беше првенствено презентација на документот, а не јавна расправа. Го вреднуваме продолжувањето на рокот за доставување коментари до 20.11.2020, но сепак, тоа не заменува јавна расправа која овозможува дијалог со изработувачите на Нацрт-законот и можност да се добијат одговори, објаснувања, итн. Во оваа смисла, потсетуваме и на последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на нашата земја, во кој специфично се укажува на потребата за подобрување на квалитетот на учеството на јавноста во постапките поврзани со мали хидроцентрали;
2. Увидуваме неусогласеност на Нацрт-законот со Националната стратегија за води (2012-2042), која предвидува „Развивање на катастарски локации за изградба на мали хидроцентрали, која ќе содржи конечна листа на локации каде да се изгради мала хидроелектрана водејќи сметка за животната средина, пределот и другите критериуми“. Потсетуваме на член 62, став 5 од Законот за води, кој налага почитување на оваа стратегија.

Сметаме дека во недостаток на документот со катастерски локации, усвојување на закон кој предвидува изградба на МХЦ претставува обезвреднување на оваа мерка/активност од Стратегијата, и прекршување на Законот за води. Според нас, наместо закон адаптиран на планови за МХЦ, потребен е закон кој ќе обезбеди дека нема да биде развиен ниту еден план за хидроцентрала се додека не се развие планираниот катастер, особено имајќи предвид дека станува збор за закон кој се носи со цел заштита на природата;
3. Предложениот Нацрт-закон е во директна спротивност со еден од клучните приоритети на Владата, наведени во Програмата за работа на Владата 2020-2024: „Воведуваме забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја и национални паркови.“ (стр.44). Бараме усогласување на законот со оваа определба на Владата;
4. Поради фактот дека предлог-зонирањето во Нацрт-законот, во одредени делови, е подредено на изградба на МХЦ (и други инфраструктурни објекти), сметаме дека се прекршуваат повеќе членови од Законот за заштита на природата, вклучувајќи го и членот 72 (кој ја дефинира смислата и причината поради која се прогласува национален парк): став (1) Националниот парк е просторно природно подрачје на копно или вода кое опфаќа еден или повеќе сочувани или незначително изменети екосистеми, со особени повеќекратни природни
вредности, кое се воспоставува заради заштита на еколошките процеси, како и на видовите и екосистемските карактеристики комплементарни на подрачјето.; став 2) Прогласувањето и заштитата на националниот парк обезбедува основа за зачувување на изворното природно и културно богатство; 5. Укажуваме на непочитување на препораките од Извештајот за стратегиска оцена на Стратегијата за развој на енергетиката, во кој на стр. 136 се наведува „При изработката на Програмата за спроведување на Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година се препорачува при изборот на конкретни проекти да се изоставаат националните заштитени подрачја, како и подрачјата предложени за заштита (национална мрежа на заштитени подрачја, Емералд, Натура 2000).“ Иако не станува збор за процес на изработка на Програмата за спроведување на енергетската стратегија, јасно е дека овој закон овозможува реализација на енергетски проекти и за истите важат сите препораки во СОВЖС Извештајот. Во спротивност овој СОВЖС Извештај нема практична вредност, ниту смисла. Поаѓајќи од горе-наведеното, бараме:
• Да се изработи ново зонирање на предлог заштитеното подрачје, кое ќе гизаштитува карактеристиките на идниот национален парк Шар Планина и немада овозможи реализација на штетни инфраструктурни објекти ихидроцентрали кои директно ги загрозуваат природните, културните и хидролошките својства на паркот, а во согласност со Законот за заштита на природата, Националната стратегија за заштита на природата 2017-2027, СОВЖС Извештајот за Енергетската стратегија до 2040 година и Програмата за работа на Владата (2020-2024). Потсетуваме и на неодамна потпишаниот документ на Европската комисија „Зелена агенда за Западен Балкан“, во кој се истакнуваат проблемот со зголемување на бројот на МХЦ, потребата за подобрување на учеството на јавноста во донесување на прописи и други одлуки
кои ја засегаат животната средина, потребата за имплементација на ефективен механизам за мејнстриминг на заштитата на биолошката разновидност во останатите политики (вклучувајќи ја и енергетската политика), итн;
• Имајќи ја во предвид обемноста на работата која е неоходна за да се хармонизира Нацрт-законот со сите релевантни закони, стратегии, програми, итн., а свесни за потребата за што поитна заштита на Шар Планина и спречување на тековната и идна деструкција - бараме до изработката на новиот Нацрт-закон со ревидирано предлог-зонирање, Министерот за животна средина, согласно член 97 од Законот за заштита на природа, да ја стави Шар Планина во привремена заштита.

Поддржана од:

1. Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42“
2. Здружение на граѓани – Центар за Еколошка Демократија Флорозон
3. Центар за истражување и креирање политики - ЦИКП Скопје
4. Здружение Рурална Коалиција
5. Здружение Национален Ромски Центар
6. Здружение за заштита и унапредување на животната средина - Еко Логик
7. Здружение за еколошко одржлив развој Зелен Институт
8. Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА – Битола
9. Здружение на граѓани Новинари за човекови права
10. Балканска Водна Мрежа
11. Здружение за социјални иновации и одржлив развој РАДАР
12. Асоцијација за демократски иницијативи АДИ
13. Младински Културен Центар – Битола
14. Институт за демократија
15. Институт за комуникациски студии
16. Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин
17. Коалиција за Животна Средина (неформална мрежа од 32 организации)
18. Здружение на граѓани за заштита на животната средина ЕКОЗВОН, Скопје
19. Еколошко Друштво Планетум
20. Федерација за планинарство на Северна Македонија
21. Иницијатива #НеБидиЃубре
22. Здружение на граѓани Грин. Орг
23. GO REC Severna Makedonija
24. Граѓанска Иницијатива Охрид SOS
25. Здружение за заштита на животните и животната средина Е.Д.Е.Н.
26. Движење за климатска правда Fridays for future Skopje
27. Young Friends of the Earth Macedonia

---

**Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42“ (20.11.2020)**

**До:**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Врз основа на чл. 56 ст.2 и чл. 61 ст. 4 од Законот за животна средина, чл. 95 ст. 4 од Законот за заштита на природата, чл. 2 ст. 2 и чл. 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина, а согласно член 8 од Архуската конвенција, во рокот предвиден од Министерството за животна средина и просторно планирање во Соопштение објавено на интернет страницата на МЖСПП, на 13.11.2020 година, доставуваме:**

**КОМЕНТАРИ**
**кон Нацрт-законот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата национален парк**

Општ осврт

**Ги поздравуваме активностите на Министерството за животна средина и просторно планирање за воспоставување на долготрајна заштита на Шар Планина и целосно се согласуваме и ја поддржуваме целта на овој Нацрт-закон, онака како што е наведена во чл. 1 ст. 1: “Заради заштита на исклучителните природни убавини и вредности, разновидноста и богатството на биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните, пределните и други вредности, како добра од јавен интерес, дел од подрачјето на Шар Планина се прогласува за заштитено подрачје од втора категорија - национален парк.”**

Препознаваме и поздравуваме некои од решенијата кои се предвидени со овој Нацрт-закон, а кои недостасуваат во останатите закони за прогласување на национални паркови во земјава, како на пример формирање на Совет на засегнати страни и Научен совет.
Она што длабоко не загрижува е дека, поради предложеното зонирање, Нацрт-законот не е во насока на остварување на целта од чл. 1, понатаму конкретизирана и во чл. 4, според кој истиот треба да „овозможува: зачувување на автентичната состојба на природата преку заштита на природните и други вредности; спречување на дејствија што можат непосредно или посредно да предизвикаат нарушување на природната рамнотежа на екосистемите или промени на основните карактеристики и обележја на националниот парк Шар Планина; создавање на поволни услови за заштита, зачувување и унапредување на биолошката и пределската разновидност и одржливо користење на природните ресурси на начин на кој не се загрозува опстанокот на видовите и нивната природна рамнотежа, а се обезбедува нивната научно-истражувачка, културна, воспитно-образовна, туристичко-рекреативна и друга намена.”
Предлог зонирањето овозможува изградба и функционирање на инфраструктурни објекти и хидроцентрали во идниот Национален парк Шар Планина, што е спротивно на самата идеја за заштита на едно подрачје како национален парк. Во предложениот текст, токму поради зонирањето, кое се прилагодува на планови за изградба на хидроцентрали, увидуваме серија на прекршувања на Законот за заштита на природа, од кој овој закон произлегува и чие спроведување би требало да го овозможи, а не спречи. Понатаму, увидуваме прекршувања на Законот за води, непочитување на Националната стратегија за води, Стратегијата за заштита на природата, Извештајот за СОВЖС на Стратегијата за развој на енергетиката итн. Нацрт-законот, според нашата анализа, не ги одразува во целост ни експертските мислења изнесени во Студијата за валоризација, која е основа за истиот, ниту е во согласност со анализите во Проценката на влијанието на прописот. Потсетуваме и на фактот дека станува збор за Емералд подрачје и сметаме дека закон кој овозможува нови хидроцентрали не оди во насока на задржување на идното Натура 2000 подрачје, што е дијаметрална спротивност на заложбите на државата за членство во Европската унија.

Бројката од 40-тина мали хидроцентрали (изградени, започнати и планирани) во идниот национален парк, е повеќе од загрижувачка. Имајќи го во предвид фактот дека постоечките хидроцентрали имаат докажани значителни негативни влијанија и врз природните вредности на идниот национален парк, но и врз остварување на основното право на непречен пристап до вода на локалното население, сметаме дека е потребен закон кој ќе обезбеди намалување и елиминирање на овие постоечки влијанија, од изградените хидроцентрали, а не закон кој „отвара врата“ за дополнителни деструктивни проекти. Во однос на барањето за закон кој ќе биде основа за намалување/елиминирање на влијанијата од постоечките хидроцентрали, потсетуваме на стр 350 од Студијата: „Исто така, препорачуваме, за сите МХЕ, кои ќе продолжат да функционираат во идното заштитено подрачје, да се преиспита влијанието врз заштитеното подрачје и доколку се оцени дека истите имаат значително влијание, со последици по основните природни карактеристики на заштитеното подрачје, да не се продолжува договорот за концесија (по исполнување на веќе определениот рок на траење на издадената концесија).“ Би додале само дека веќе постојат докази за значително негативно влијание од хидроцентралите на Шар Планина, дел од нив се многу јасно елаборирани и во истата Студија, како и во Проценета на влијанието на прописот за овој Нацрт-закон.

Додавајќи го на сето ова чл. 93 ст. 3 од Законот за заштита на природа, според кој „(3) Активностите и дејностите кои можат да се вршат во зоните кои се установуваат согласно со ставовите (1) и (2) на овој член, се определуваат со актот за прогласување за заштитено подрачје и природна реткост од чл. 92 на овој закон и планот за управување со заштитеното подрачје и природната реткост.“ , односно фактот дека законот е основа за Планот за

управување со подрачјето, кој пак се донесува за 10 години – стравуваме дека, доколку се усвои закон кој нема да спречи изградба и функционирање на нови хидроцентрали (и инфраструктурни проекти неопходни за истите), наместо долготрајна заштита, ќе добиеме „озаконета“ долготрајна штета на една од нашите најубави планини.

1. КОМЕНТАРИ ЗА УЧЕСТВОТО НА ЈАВНОСТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ЗАКОНОТ

1.1. Мапите во Прилогот на Нацрт-законот (слика 1 на стр. 17 и слика 2 на стр. 18) се општи и не ги содржат информациите неопходни за анализа на предложената територија која се заштитува и предложеното зонирање во рамки на територија Врз основа на Законот за животна средина чл. 56 ст. 1 и ст. 2, како и чл. 5 ст. 8 од Архуската конвенција (Секоја Страна ќе формира механизми за да обезбеди дека на јавноста ќе и се стават на располагање доволно информации, на начин што на корисниците на информации ќе им овозможи да донесуваат одлуки за животната средина врз основа на добра информираност) бараме да ни доставите детални мапи кои ќе ги содржат релевантните топоними (населени места, реки итн.), како и постоечки и планирани инфраструктурни објекти кои се споменуваат во Нацрт-законот, односно Студијата за валоризација (изградени и планирани хидроцентрали). Со цел целосно и точно информирање на јавноста, што е основен предуслов за нејзино квалитетно и суштинско учество во процесот на донесување на прописот, бараме овие мапи да бидат објавени и на интернет страницата на МЖСПП.

1.2. Известувањето за изработката на Нацрт-законот не ги содржи сите законски дефинирани информации.

Во насока на подобрување на примената на законската регулатива, односно обезбедување суштинско учество на јавноста, укажуваме дека во постапката на известување на јавноста по однос на Нацрт-законот има пропусти - истото не содржи дел од информациите предвидени со чл. 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина.

Конкретно, на интернет страницата на МЖСПП е објавено ИЗВЕСТУВАЊЕ за изработка на Нацрт– Закон за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категорија II – Национален парк, во кое се наведени дел од засегнатите страни (како Органи на државна управа, Единици на локална самоуправа, Јавни претпријатија, Агенции, Стопански Комори, Акционерски друштва), но под точка седум само се наведува „Невладини организации кои делуваат во полето на заштитата на животната средина и природата“ без конкретно наведување на невладините организации. Во истото Известување недостасува локалното население, кое е една од најзасегнатите страни.

1.3. Јавната расправа, организирана на 05.11.2020 на ЗУМ платформата, не беше во согласност со чл. 2 ст. (2), чл. 6 ст. (1), и чл. 8 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи; одредбите од чл. 17 од Закон за животна средина; чл. 7 ст. (1) т. 7 од Законот за заштита на природа; како и обврските пропишани во Архуската конвенција во чл. 6 ст. (4),(7) и (8), и чл. 8 ст. (1) и (2).

Наведените прописи налагаат обврска Министерството за животна средина и просторно планирање да организира најмалку една јавна расправа на која сите присутни ќе имаат можност да ги дадат своите забелешки, мислења и предлози, да поставаат прашања и да добијат одговори, како и доволен простор за дискусија.

Настанот кој беше организиран на 05.11.2020, а насловен „јавна расправа за Нацрт- законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк“ беше првенствено презентација на Нацрт-законот од страна на изработувачите, додека за учеството на јавноста беше одвоено симболично и недоволно време на крајот од настанот. Не само што јавноста немаше доволно

време да го практикува своето законско право, туку во кусото време од околу половина час и тие што добија збор всушност и не можеа многу да кажат, бидејќи модераторот интервенираше во излагањето или воопшто не им дозволуваше на говорниците да се вклучат со свои коментари, проблемите со преводот допонително ја отежнаа и онака несоодветно организираната и водена „јавна расправа“.

Го вреднуваме фактот дека МЖСПП го продолжи рокот за доставување коментари од јавноста, сепак истото не е замена за јавна расправа која овозможува дијалог со изготвувачите на прописот.
Имајќи предвид дека Нацрт-законот директно корелира со проекти за изградба на нови мали хидроцентрали на територијата на идното заштитено подрачје (за што јавноста покажа посебен интерес на „јавната расправа“), потсетуваме на забелешката во последниот извештај на ЕК за напредокот на нашата земја кон ЕУ: „Квалитетот на презентациите и на процесот на јавните расправи, особено кога станува збор за проекти поврзани со хидроенергија, рударство и инфраструктура, мора дополнително да бидат подобрени“. Продолжување на праксата на организирање на формални (а не суштински) јавни расправи за овие теми, не одат во насока на приближување на нашата држава кон праксата и стандардите на Европската унија.

2. КОМЕНТАРИ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА (ПВР)
2.1. Објавениот Нацрт-извештај за ПВР не е во согласност со чл. 12 ст. 2 од УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО РАБОТАТА НА МИНИСТЕРСТВАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА.
Цитираниот член наметнува обврзно разгледување на најмалку 3 алтернативи на прописот, а Нацрт-извештајот содржи само алтернатива без и со законот.
Бараме ревизија на Нацрт-извештајот за влијание врз животната средина со цел истиот да биде усогласен со Упатството (чл. 12, ст. 2), односно да ги содржи законски обврзните 3 можни решенија.
Имајќи ги во предвид анализите во делот 4 „Процена на влијанијата на регулативата“ (точка 4.1.; точка 4.3. и точка 4.4.), кои изградбата на мали хидроцентрали јасно ја дефинираат како активност со серија негативни влијанија и врз природата и врз животот на локалното население, бараме ревидираниот Нацрт- извештај за влијанието врз животната средина да разгледа Алтернатива на Законот кој не содржи членови кои овозможуваат изградба на нови хидроцентрали на територијата на идното заштитено подрачје и истото да биде рефлектирано во Предлог-законот кој ќе биде доставен до Собранието на усвојување.
2.2. Сметаме дека Нацрт-извештајот не содржи процена на сите релевантни влијанија на прописот. Повикувајќи се на анализите во горенаведените точки од Нацрт-извештајот, а имајќи ја во предвид специфичноста на прописот чие влијание се оценува бараме во делот во кој се разгледуваат “Влијанијата врз животната средина” да се вклучи и анализа на влијанието врз хидролошките карактеристики на подрачјето.

3. КОМЕНТАРИ ВО ОДНОС НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НАЦРТ-ЗАКОНОТ СО РЕЛЕВАНТНИТЕ ПРОГРАМИ, ИЗВЕШТАИ, СТРАТЕГИИ ИТН.
3.1. Нацрт-законот не е во согласност со Програмата за работа на Владата 2020-2024.
Имајќи предвид дека во Нацрт-законот нема да спречи изградба на мали хидроцентрали во подрачјето кое се заштитува (на пр. МХЦ Пена 84), истиот е во директна спротивност со предвидениот чекор од Програмата, за исполнување на една од суштинските цели: стр. 44 - „Воведуваме забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја и национални паркови.“
3.2. Нацрт-законот не ги спроведува препораките од СОВЖС Извештајот за Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 со што го прекршува Законот за енергетика и Договорот за Енергетска заедница.

**На стр. 136 од овој Извештај се наведува: „При изработката на Програмата за спроведување на Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година се препорачува при изборот на конкретни проекти да се изостават националните заштитени подрачја, како и подрачјата предложени за заштита (национална мрежа на заштитени подрачја, Емералд, Натура 2000).“**
**Поаѓајќи од фактот дека овој закон овозможува реализација на енергетски проекти, за истите важат сите препораки во СОВЖС Извештајот.**
**СОВЖС Извештајот е интегрален дел на Енергетската стратегија (чл. 5 ст 1 т. 34-а и т.34- б, чл. 67 ст. 2 од Законот за животна средина), врз основа на која се утврдува државната енергетска политика (чл. 11 ст.1 Закон за енергетика), вклучувајќи ги „условите и начините за обезбедување на заштита на животната средина и ублажување на климатските промени, како и мерки за реализација на заштитата“ (чл. 11 ст.2 т. 12 Закон за енергетика).**
**Обврската за почитување/спроведување на СОВЖС Извештајот, на сите нивоа на носење релевантни одлуки, е регулирана и во Договорот за Енергетска заедница, понатаму специфицирана токму за мали хидроцентрали:**
**Чл. 12: „Секоја страна потписник ќе го имплементира acquis communautaire (Правото на Европските заедници (ЕЗ) и Европската Унија) за животна средина во согласност со предвиидената временска рамка за импелементација на мерките, определена во АНЕКС II.“**
**Став на Секретаријатот на Енергетската Зедница за развојот на малите хидроцентрали- (13.11.2018): „Согласно обврските превземени со Договорот за енергетска заедница, сите страни потписници мораат да ја имплементираат легислативата за оцена на влијанието врз животната средина ( EIA) и стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.“**

**Потсетуваме дека Договорот за Енергетска заедница е законска обврска која произлегува од Законот за ратификација на Договорот (Сл. весник бр. 59/06), Законот за енергетика (чл. 11 ст.2 т. 15) и Уставот на РСМ (чл.118).**
**Непочитување на посочената препорака од СОВЖС Извештајот за Стратегијата за развој на енергетиката значи прекршување на сите посочени членови од националната и меѓународната легислатива, како и Уставот.**
**3.3. Нацрт-законот не ги спроведува мерките од Националната стратегија за води, поради што го прекршува и Законот за води.**
**Стратегијата за води (2012-2042) предвидува мерка „Развивање на катастарски локации за изградба на мали хидроцентрали, која ќе содржи конечна листа на локации каде да се изгради мала хидроелектрана водејќи сметка за животната средина, пределот и другите критериуми“. Чл. 62 ст. 5 од Законот за води налага почитување на оваа стратегија. Сметаме дека во недостаток на документот со катастерски локации, законот треба да обезбеди дека нема да биде изградена ниту една нова хидроцентрала (без разлика дали има концесија за истата), се додека не се развие планираниот катастер.**
**3.4. Нацрт-законот не ги одразува во целост експертските ставови и препораки од Студијата за валоризација на Шар Планина.**
**Според нас, Студијата за валоризација (која е основ за овој Нацрт-закон) изобилува со контрадикторности. За илустрација, додека на стр. 15 се наведува: „Досега не е изработена студија за кумулативните влијанија на МХЕ-и врз хидролошкиот потенцијал во сливното подрачје на Шар Планина и не може се точност да се определи нивниот интензитет, особено во подрачјето кое е предмет за идна заштита. Но, кумулативни влијанија се очекуваат од неколку аспекти: а) промена во хидролошкиот режим/проток во водотоците заради големата зачестеност на МХЕ-иво просторот, особено на р. Пена и фактот што зафатената вода преку цевководи се носи до машнските згради, што може да го афектира живиот свет во водите, но и крајречните живеалишта и биолошка разновидност.“ Истата Студија предлага заштитен појас, околу МХЕ Пена 84, со што де-факто ја одобрува и овозможува изградбата на новата хидроцентрала.**

Изработувачите на Нацрт-законот имаат селективен пристап, па истиот не содржи одредби кои ги одразуваат и деловите во кои експертите изразуваат загриженост за влијанието на хидроцентралите, потребата за претходна студија за кумулативно влијание итн. Со оглед на фактот дека станува збор за закон за национален парк (а не за закон чиј примарен фокус би биле комерцијални активности на пример) сметаме дека истиот мора првенствено да ги одразува интересите за заштитата на природата.

Во оваа смисла, подолу во документот предлагаме конкретни измени и дополнувања.

3.5. Нацрт-законот не ги зема во предвид анализите во Проценката на влијанието на прописот (ПВР).

Во Нацрт-извештајот за ПВР се наведува:

Точка 4.3. „Неконтролираната и прекумерната градба на хидроцентрали го отежнува секојдневниот живот од аспект на водоснабдување и наводнување. Имено, една од причините за падотво земјоделското производство кај населените места е и намален проток во потоците и реките на вода заради МХЕ-и, зајакнато со зголемената тенденција на младото население да го напушти традиционалното земјоделско производство и сточарство и да бара вработување во блиските градови или во странство, ќе влијае врз начинот на живот на локалното население во населените места во Шар Планина и пошироко.

Најзасегнати села по таа основа се Вешала, Бозовце, Вејце, Јелошник, Селце, Ѓермо и Једоарце. Сепак, доколку се реализира планираната изградба и пуштање во употреба на доделените и планирани концесии за МХЕ-и, следните населени места ќе станат, исто така, засегнати: Беловиште, Првце, Шипковица, Лисец, Бродец, Гајре, Селце-Кеч, Долно Јеловце и Лешница. Ваквото неконтролирано уништување на природните вредности ќе влијае негативно на туризмот односно се намалуваат можностите за развој на туризмот поради прекумерната употреба на природни ресурси и самиот работен ангажман и приходи на жителите. Сето наведено ќе се одрази негативно врз квалитетот на живот и егзистенцијата на локалното население“

Точка 4.4.: „Со изградба на малите електрани, во рамките на подрачјето кое е предмет на идна заштита, се очекуваат дополнителни негативни влијанија како резултат на пробивање на пристапни патишта и сечење на вегетација (а многу често и високо стеблеста вегетација). Ова, заедно со идните градежни активности (правење зафати, канали и изградба на машински згради), не само што го намалува шумскиот фонд во подрачјето и уништува значајни живеалишта, туку е причина за создавање на свлечишта и потенцијал за идни зимски лавини, односно загрозување на човечки животи.“

И покрај сето ова, Нацрт-законот не предвидува мерки со кои ќе се спречи изградбата на:

1. Веичка 1007 - која дополнително ќе го афектира едно од наведените најзасегнати села Вејце;
2. Пена 81 – една од неколкуте МХЕЦ на р Пена, една од најзасегнатите реки (според Студијата);
3. Лешочка 100;
4. Лешочка 101;
5. Караниколос 80 – го афектира едно од спомenатите најзасегнати села - с. Вешала;
6. Шеличе 91 – во близина на с. Бродец, за кое се предупредува дека може да биде негативно афектирано ако продолжи експанзијата со МХЦ;
7. Пена 84 – една од најспорните МХЦ, на која посебно ќе се осврнеме подолу во документот;
8. Пена 85;
9. Боговињска;
10. Маздрача;
11. Јеловичка;
12. Беловишка 107;
13. Вратничка (Љуботенска) 66;
14. Љуботенска 67;

15. Лешочка 102;
16. Беловишка 108;
17. Пена 83;
18. Чаркит 86;
19. Чаркит 87;
20. Пена 90;
21. Пена 92;
22. Јеловјанска равен;
23. Крива Шија;
24. Лешничка – Лешничка река;
25. Пена Бродец;
26. Пена Селце;
27. Пена 84 дупла;
28. Пена 85 дупла. На овие документи го додаваме и неодамна потпишаниот Договор со ЕК „Зелена Агенда за Западен Балкан“:

 Договорот се темели на 5 столба, од кои третиот е „Биодиверзитет, со цел за заштита и обновување на природното богатство во регионот;“

 Во истиот посебно се истакнува потребата за заштита на реките, водоснабдувањето на локалното население, влијанието на малите хидроцентрали и задачата за спроведување на легислативата поврзана со водите: „Западниот Балкан е дом на некои од последните чисти реки на Европскиот континент, но нивната заштита останува и понатаму голем предизвик.“...„Распространетата суша во последните години во регионот дополнително ја потенцираше важноста за обезбедување достапност на вода и еластичност на долг рок низ цела Европа. Уникатен предизвик за реките во регионот е исто така нагло зголемување на капацитетот за хидроенергијата низ целиот регион дури четири пати помеѓу 2015 и 2017 година, имајќи значителни влијанија врз животната средина и социјалата, како на земјата, така и на поширокото регионално ниво... Главната задача што претстои е спроведување на законодавството поврзано со водите...Приоритет првично треба да биде инвестицијата во следење на инфраструктурата врз основа на мапирање на потребите на ниво на речен слив проследено со развој и спроведување на соодветни мерки за намалување на притисоците врз водните тела.“ Во иницијативите поврзани со третиот столб се наведува: „Како регион со богат со живеалишта и разни видови, вклучувајќи голем број важни ендемични видови, Западен Балкан треба да ги вложи сите напори за заштита на биодиверзитетот и услугите на екосистемот...“„Главните предизвици на регионално и национално ниво се поврзани со недостаток на политичка посветеност за подобрување на спроведувањето на политиките за биодиверзитет, недостаток на финансиски ресурси и влијанието на економските активности, како што се ... енергетската инфраструктура. Додека постои сеопфатна рамка за политика, спроведувањето на теренот во регионот заостанува. Покрај тоа, успехот на која било Национална стратегија за биолошка разновидност во голема мера зависи од ефективното вклучување на природата и биодиверзитетот во другите политики (за земјоделство, шумарство, регионален развој, енергија, транспорт, риболов, итн.).“

 Се потсетува на смислата на мерките и препораките од извештаите за процена на влијание (како СОВЖС Извештајот): „Проценките на животната средина осигуруваат дека влијанијата врз животната средина на одлуките за стратешко планирање, програми и проекти кои можат да имаат значителни ефекти врз животната средина ќе бидат земени предвид пред да се донесат одлуките.“

 Се потенцира значењето на Договорот за Енергетска заедница и неговата законски обврзувачка природа (стр. 18-19)

Најпосле мора да се спомене и Националната стратегија за заштита на природата, која на стр. 96 во анализата на Закани и предизвици за хидролошките вредности, влијанието на малите хидроцентрали, особено кумулативното влијание, го оценува со „Голем степен на закана“.
Смислата на сите наведени документи (програми, извештаи, стратегии, договори, итн.) е истите да бидат рефлектирани во сите релевантни одлуки, односно да станат дел од реалната политика. Се додека тие целосно се игнорираат при изработка на закони, чија функција би требало да биде (покрај останатото) токму спроведување на овие одредби (мерки, препораки, итн.) во реалниот живот – ниту една област во македонското општество нема да напредува во насока на вистинско приближување на земјава до стандардите на Европската унија. Со други зборови, третирање на сите овие документи како чиста формалност теоретски ја „европеизира“ државата, а во пракса значи залудно потрошени пари и време за нивна изработка и всушност овозможува продолжување на деградацијата на вредностите (во случајов уникатни природни вредности).

4. КОМЕНТАРИ ВО ОДНОС НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НАЦРТ-ЗАКОНОТ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Поаѓајќи од фактот дека Нацрт-законот, не само што не наметнува стопирање на изградба на идни мали хидроцентрали во националниот парк, туку го прилагодува зонирањето на сеуште неизградени хидроцентрали (како заштитната зона околу идната МХЦ Пена 84), сметаме дека со истиот се прекршуваат повеќе членови од Законот за заштита на природата, конкретно:
Чл. 72 кој ја дефинира смислата и причината поради која се прогласува национален парк: ст. (1) Националниот парк е просторно природно подрачје на копно или вода кое опфаќа еден или повеќе сочувани или незначително изменети екосистеми, со особени повеќекратни природни вредности, кое се воспоставува заради заштита на еколошките процеси, како и на видовите и екосистемските карактеристики комплементарни на подрачјето.; ст. 2) Прогласувањето и заштитата на националниот парк обезбедува основа за зачувување на изворното природно и културно богатство.
Зачувувањето на изворното природно и културно богатство е директно загрозено од постоечките, започнатите и планираните хидроцентрали (5 МХЕ за кои има Одлука од Владата, 9 МХЕ со Договор за концесија, 11 МХЕ во функција, 15 планирани МХЕ – Студија за валоризација стр. 241-256).
 Една од целите на Законот за заштита на природа, предвидени со чл. 4 е:
„спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата“ Законот за прогласување на дел од Шар Планина треба да овозможи остварување на целите на законот од кој произлегува – истиот нема одредби кои ја спречуваат штетната активност изградба на мали хидроцентрали, односно има одредби кои ова го овозможуваат.
 Чл. 7 (начела на кои се темели заштитата на природата): 4. „Начело на претпазливост - доколку врз основа на современи научни и техничко- технолошки сознанија се заклучи дека одредена активност или вршење на дејност би предизвикала штетни последици за природата ќе се преземат потребните мерки и активности и пред да се добијат научни докази дека штетните последици би можеле да настанат“; 5.: „Начело на превенција - право и обврска на правните и физичките лица е да преземаат мерки и активности за заштита на природата пред да настанат штетните последици.“
Како што беше наведено погоре во овој документ, веќе постојат огромен број докази за штетните последици од малите хидроцентрали и врз природата и врз животот на локалното население, вклучувајќи и докази за последиците во конкретното подрачје, и покрај тоа Нацрт-законот остава отворена врата за влошување на состојбата со извесни штетни последици.

 Чл. 12: „Забрането е користење на природата на начин кој предизвикува:
1)оштетување или уништување на биолошката и пределската разновидност;
2) деградација на почвата и губење на нејзината плодност;
3) оштетување
на површинските или подземните геоморфолошки вредности;
4) загадување
и промена на режимот на водата и 5) загадување на воздухот.“
Овој Нацрт-закон ги озаконува забранетите начини на користење на природата во идниот национален парк, што е во директна колизија со оваа одредба од Законот за заштита на природа.
Имајќи го во предвид фактот дека овој закон е правната рамка и основата за Планот за управување со подрачјето, сметаме дека, доколку се реализираат плановите за изградба на нови мали хидроцентрали, овој закон оневозможува унапредување на природните вредности, односно реализација на чл. 105 ст.4 (кој се однесува на зоната за активно управување): „Успешното управување со оваа зона, како и нејзиното натамошно трајно одржување, може да доведе до стекнување карактеристики на зоната за строга заштита.“ и чл. 106 ст. 2 (кој се однесува на зоната за одржливо користење): „Долготрајното преземање на интервенции и мерки, може да доведе до стекнување карактеристики на зоната за активно управување.“
Конкретно:
Во зона на активно управување се наоѓаат планираните Лешочка 100, Лешочка 101, зафатот на Пена 84, зафатот на Боговињска, итн. Во активностите кои се дозволени во оваа зона, според Нацрт-законот, покрај оние кои се наведени во чл. 105 од Законот за заштита на природата (екотуризам и традиционално екстензивно земјоделство), чл.8 ст. 51 од Нацрт-законот остава простор и за „активности кои се дозволени согласно Планот за управување со Националниот парк Шар Планина.“ Ова, според нас, значи можност преку Планот за управување да се најде „законски начин“ за реализација на плановите. Со изградени мали хидроцентрали подрачјето не може да стекне карактеристики на зона на строга заштита.
Во зоната на одржливо користење се планираните Пена 85, Веичка 1007, дел од Боговињска, итн. – со оглед на фактот дека Нацрт-законот нема одредба која наметнува стопирање на изградба на нови хидроцентрали, нема никаква законска пречка за остварување на плановите за проектите во оваа зона. Ова значи дека подрачјето нема да може да стекне карактеристики на зона за активно управување.
Единствениот пример на ефективно спречување на идна деструкција кој го препознаваме и поздравуваме се однесува на Пена 82, која е спречена со прогласување на целата територија за зона на строга заштита (а активностите дефинирани во чл. 7 од Нацрт-законот се во согласност со чл. 104 од Законот за заштита на природата).

## 5. ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА НАЦРТ-ЗАКОНОТ СО ЦЕЛ НЕГОВО УСОГЛАСУВАЊЕ СО РЕЛЕВАНТНИТЕ ЗАКОНИ, СТРАТЕГИИ, ИЗВЕШТАИ, ДОГОВОРИ ИТН.

### 5.1 Чл. 7, ст. (3)

Овој член (став) предвидува: „Внатрешен заштитен појас „Долна Лешница“ (кој е поставен на цевководот на Малата хидроелектрана 84 на Пена), каде се крева на 1550 метри н.в. и се движи паралелно со истиот, сè до Долна Лешница, која делумно е во зоната за строга заштита.“
Сметаме дека со ова, зонирањето на идниот национален парк се подредува на проектот за изградба на нова мала хидроцентрала. Особено не загрижува фактот дека станува збор за прилагодување на заштитата на природата кон деструктивна активност, како изградба на МХЦ, во зоната на строга заштита. Со ваквиот потег, според нас, се прекршуваат повеќе (веќе споменати) членови од Законот за заштита на природата.
Потсетуваме на „Природните вредности на Шар Планина. Македонско еколошко

друштво, Скопје, 2010. (стр. 70): „Водните зафати исто така претставуваат деградација на водните станишта. Примери за негативното влијание на водозафатите брз биодиверзитетот и природата на Шар Планина има многу (Долна Лешница - фрагментирање на реките Пена и Лешничка Река.“ ( Меловски, Љ., Христовски, С., Меловски, Д., Колчаковски, Д., Велевски, М., Ангелова, Н., Левков, З., Караделев, М.).

Прогласувањето на заштитен појас околу сеуште неизградената хидроцентрала не значи елиминирање на овие негативни влијанија – со (неоправдано и законски неиздржано) прифаќање на предвидената МХЦ како неизбежен факт, идниот Закон за НП Шар Планина, спротивно на Законот за заштита на природата, озаконува деградација на највиталниот дел на паркот, во кој, според чл. 104 од овој закон, единствените дозволени човекови активности би требало да бидат научни истражувања (и тоа со претходно добиени дозволи).

Потсетуваме на дел од вредностите на овој дел од идниот национален парк (вклучително и описот на истите во Студијата за валоризација, која е основ за овој Нацрт-закон), кои неминовно ќе бидат афектирани од вака скроеното зонирање подредено на изградбата на идната МХЦ:

„На Шар Планина се среќаваат најважните шумски екосистеми од овој биом во Северна Македонија, како што се смрчевите и еловите шуми околу Попова Шапка, Јелак и Лешница “ (стр. 101 од Студијата за валоризација на Шар Планина);

„Шарпланински предел на иглолисни шуми има ограничено распространување на Шара, а освен тоа, овој пределски тип е најреткиот шумски предел во Македонија.“

(стр. 64, Природните вредности на Шар Планина. Македонско еколошко друштво, Скопје 2010/ Меловски, Љ., Христовски, С., Меловски, Д., Колчаковски, Д., Велевски, М., Ангелова, Н., Левков, З., Караделев, М.);

Според Националната стратегија за заштита на природата на Република Северна Македонија (Melovski et al. 2016) пределот на елово-смрчеви шуми е валоризиран како предел со исклучителна вредност, додека пределната единица од Пределот на елово-смрчевите шуми на Лешница е оценета како пределна единица со најголемо значењеза зачувување на национално ниво. (Студија за валоризација, стр. 152);

„Застапеност на птиците по живеалишта според нивниот гнездечки статус и критериумите за валоризација, од поголемо значење за заштита (првенствено согласно Директивата за птици, Бернската и Бонската Конвенција) имаат планинските и високопланинските отворени терени и смрчевите и буковите шуми.“

Како најважни локалитети се издвоени и Горна и Долна Лешница. (Студија за валоризација, стр. 287);

„Фамилијата на тркачите (Coleoptera: Carabidae) се добро познати индикатори на еколошките промени и постои долга историја на нивна примена како индикатори на промените во средината (Desender et al. 1994; Desender 1996; Niemelä 1996; Dufrene and Legendre 1997). Во каталогот на тркачите на Северна Македонијаа голем број видови се регистрирани во локалитети и на централните делови (Попова Шапка, Титов Врв, Лешница, Церипашина, Три Води, Чаушица).“ ( Студија за валоризација, 125 стр.);

Дополнително, пределот се протега во продолжување на Пределот на варовнички карпи и камењари и затоа поседува исклучително висока пејсажна вредност. Највисоко вреднувани локалитети се Долна Лешница и долините на Лешничка и Кривошиска Река во горниот дел од сливот на реката Пена. (Студија за валоризација, стр. 318.)

Поаѓајќи од сето ова бараме делот од ст. 3 кој предвидува заштитна зона „Долна Лешница“ околу МХЕ Пена 84 да се избрише, односно целото подрачје да се стави во зона на строга заштита.

5.2 Член 8

Во овој член е дифинирана Зоната за активно управување. Во последниот став нумериран како ст. 5 (пет) од чл. 8 од Нацрт-законот се наведува: „Во зоната за активно управување дозволено е спроведување на активности кои немаат негативно влијание на примарната цел

на заштита на Националниот Шар Планина како екотуризам и традиционално екстензивно земјоделство и активности кои се дозволени согласно Планот за управување со Националниот парк Шар Планина.“
Согласно Законот за заштита на природата, во едно природно подрачјата каде е прогласена зона од висок интерес за заштита (чл. 105 ст. 1 од Законот) законодавецот предвидел дека не постои можност за други активности освен тие пропишани во самиот закон. Конкретно, во чл. 105 ст. 3 од Законот за заштита на природата дефинира: „Во зоната за активно управување се дозволени активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита, како екотуризам или традиционално екстензивно земјоделство.“
Во чл. 8 од Нацрт-законот се остава простор за “... активности кои се дозволени согласно Планот за управување со Националниот парк Шар Планина.“ кои понатаму може да значат многу поширок спектар на активности и дејства.
Имајќи ја во предвид содржината на членот, а особено деловите “висок интерес за заштита“ и „активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита“, сметаме дека последниот став нумериран како 5 (пет) во чл. 8 од Нацрт-законот треба да биде променет и да гласи:
„(5) Во зоната за активно управување дозволено е спроведување на активности кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита на Националниот Шар Планина како екотуризам и традиционално екстензивно земјоделство.“
Како што беше споменато погоре во документот, оваа измена е особено важна поради фактот дека во Зоната на активно управување се наоѓаат дел од планираните хидроцентрали (Лешочка 100, Лешочка 101, зафатот на Пена 84, зафатот на Боговињска итн.).
Дополнителна техничка зебелешка:
Во самиот член постои грешка во нумерирањето на ставовите. Имено, во членот има 10 (десет) ставови, а последниот став е нумериран како став 5 (пет) - оваа грешка од техничка природа сметаме дека треба да биде корегирана.
5.3 Член 10
Бараме да се избришат ставовите 4 и 5 од чл. 10 од Нацрт-Законот во кои е предвидено: „(4) Внатрешен заштитен појас „Долна Лешница“ е со површина од 6 хектари, чија цел е да го ублажи влијанието на зафатот и дел од цевководот на Мала хидроелектрична централа (во понатамошниот текст: МХЕ) 84 на река Пена. Појасот е поставен како 10 метри заштитен појас од линијата на цевководот, со соодветно проширување налокацијата на планираниот зафат. (5) Внатрешен заштитен појас„Рафша“со површина од 1 хектар, со цел да го ублажи влијанието на дел од цевководот на МХЕ 84 на реката Пена. Појасот е поставен во широчина од 10 метри од линијата на цевководот.“ Бидејќи 0н1080 истите се во спротивност со чл. 117 од Законот за заштита на природата каде стои:
(1) Активностите во природата се планираат и се изведуваат на начин кој ќе обезбеди заштита на пределската разновидност и карактеристичните обележја на пределот во најголема можна мера.
(2) Користењето на природното богатство и планирањето и уредувањето на просторот треба да обезбеди зачувување на карактеристичните обележја на пределот, како и одржувањето на биолошките, геолошките и културните вредности кои го одредуваат неговото значење и естетското доживување.
(3) Заштитата на пределот се обезбедува и преку заштитата на живеалиштата и екосистемите во согласност со одредбите на овој закон.
(4) При планирање на намената на земјиштето, заради подобрување на еколошката кохерентност на мрежата Натура 2000, кога тоа е потребно треба да се земат предвид карактеристиките на пределите кои се од голема важност за дивата флора и фауна.
(5) Како потребни карактеристики на пределот ќе се сметаат оние кои овозможуваат поврзаност на земјиштето, како што се реките со нивните брегови или традиционалните системи за означување на границите на теренот, поради нивната функција како еколошки

коридори за премини или за застанување, преселба, ширење и за генетска размена на дивите видови, флора и фауна.
Дополнително, предложените ставови 4 и 5 од чл. 10 од Нацрт-законот се спротивни на чл. 1 ст. 1, чл. 2, чл. 3 ст. 1 и ст. 2, чл. 4 ст. 2 и ст. 5, чл. 7 ст. 1 т. 1 т. 4 и т. 5, чл. 12, чл. 47 ст. 1, чл. 52 ст. 1 и 3, чл. 56 ст. 1, чл. 72 ст. 1, чл. 104 ст. 1 и ст. 2, чл. 117 од Закон за заштита на природата, како и на чл. 15 и чл. 62 ст. 5 од Закон за води, Националната стратегија за води од 2012-2042 и Националната стратегија за заштита на природата 2017-2027.
5.4 Член 11
Во чл. 11 од Нацрт-законот предлагаме да се додаде ст. 6 кој би гласел: „(6) Јавната установа Национален парк Шар Планина врши мониторинг на хидролошкиот статус на водите и состојбата на водотеците на територијата на Националниот парк Шар Планина и истите ги објавува во месечни и годишни извештаи на веб страницата на установата.“
Ова го предлагаме со цел да се обезбеди биолошкиот минимум на водни живеалишта регулиран со чл. 56 од Закон за заштита на природата.
5.5 Член 12
Во чл. 12 ст. 1 од Нацрт-законот сметаме дека треба да се дополнат следните точки:
- воспоставување стабилност на еколошките процеси и биолошката и пределската разновидност преку трајно зачувување на репрезентативните природно-географски карактеристики,
- одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа,
– издавање на научни и стручни публикации, водичи, дијапозитиви, разгледници и друг информативен и пропаганден материјал за природните вредности на националниот парк, и
- поттикнување и развивање на интерес и однос кон чувањето на националниот парк, преку организирање изложби, прикажување на филмови, предавања и други форми.

5.6 Предлог за додавање на нов член 13 во Нацрт-законот.
Согласно чл. 75 од Закон за заштита на природа забрането е спроведување на активности со кои се загрозува изворноста на природата во националниот парк. Имајќи ја предвид оваа одредба, предлагаме во овој закон да се додаде член со кој прецизно ќе бидат определни забранатите активности во Националниот парк Шар Планина.
Овој предлог член е во насока на исполнување на една од суштинските цели во Програмата за работа на Владата на РСМ 2020-2024 година, а која се однесува на воведувањето на забраната за изградба на нови мали хидроцентрали во заштитени подрачја и национални паркови. Воедно, истиот ќе придонесе кон исполнување на препораките од СОВЖС Извештајот за Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година, а во која се препорачува при изборот на конкретни проекти да се изостават националните заштитени подрачја како и подрачјата предложени за заштита
(национална мрежа на заштитени подрачја, Емералд, Натура 2000), што води кон спроведување на одредбите од Законот за енергетика и Договорот за Енергетска заедница.
Наш предлог член:
Забранети активности во Националниот парк Шар Планина
Член 13
(1) Забранети се дејствија кои што може да доведат до оштетување или нарушување на биодиверзитетот, геолошките формации и културните добра на територијата на Националниот парк Шар Планина.
(2) На територијата на Националниот парк Шар Планина забранети се следните активности:
1) Ловење или заловување на животни без дозвола од Јавна установа Национален парк Шар Планина,

2) Уништување или собирање на животински видови,
3) Палење, откорнување, кршење, собирање на листови и други делови од дрва или други активности кои што може да доведат до уништување на шумски насади, без дозвола од Јавна установа Национален парк Шар Планина, и
4) Палење на трева, стрништа и пасишта,
5) Конструкција на инфраструктурни објекти и зафати на реки и извори кои би довеле до:
- Промена на водотекот на реките и изворите,
- Намалување на водните ресурси,
- Загадување на водните ресурси,
- Уништување на водните живеалишта и биодиверзитетот во реките,
- Намалување на расположливата вода наменета за конзумација на човекот, и
- Уништување на речното корито.
6) Хемиско или друг вид на загадување на природните ресурси на територијата на Националниот парк Шар Планина,
7) Преместување или уништување на гнезда на птици и други видови живеалишта,
8) Активности кои ќе доведат до промена на почвата и геолошките формации на територијата на Националниот парк Шар Планина,
9) Нарушување на пределската разноликост и пејзажните карактеристики на територијата на Националниот парк Шар Планина, и
10) Активности кои предизвикуваат директна штета на флората и фауната на територијата на Националниот парк Шар Планина.
(3) Преземањето на било која од активностите наведени во став (2) од овој член е казниво согласно одредбите предвидени во глава IX од Законот за заштита на природата и одредбите од глава дваесет и два од Кривичниот Законик.
Со воведувањето на овој чл. 13 во Нацрт-законот, ќе биде потребно да се направи техничка промена во нумерирањето на останатите членови и тоа на начин што постојниот чл. 13 ќе стане чл. 14, чл. 14 ќе биде чл. 15 итн.
Имајќи ја во предвид обемноста на работата која е неопходна за да се хармонизира Нацрт-законот со сите релевантни закони, стратегии и програми итн., а свесни за потребата за што поитна заштита на Шар Планина и спречување на тековната и идната деструкција – бараме до изработката на новиот Нацрт-закон со ревидирано предлог зонирање, Министерот за животна средина, согласно чл. 97 од Законот за заштита на природата, да ја стави Шар Планина во привремена заштита.

Со почит,
Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42“

**ЕНЕР**

**08.10.2020 Мирослав Гроздановски**

Основната цел на овој закон е заштита на исклучителните природни убавини и вредности, разновидноста и богатството на биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните, пределните и други вредности.
Според овој закон, цела Лешница е ставена во зона на одржливо користење, што значи дека тоа подрачје нема вредност за заштита. Не знам кој изготвил таква анализа, но на место опколено со прекрасна шума и каде поминуваат три реки, предвидувате хидроцентрали и инфраструктурни објекти. Самото ова е спротивно со начелото и целта на законот, бидејќи се уништуваат хидролошките карактеристики на најубавиот предел на Шара, кој со сигурност има поголеми природни вредности и побогат биодиверзитет од строго заштитените зони предвидени во овој закон. Дури и да се зема предвид само економскиот аспект, Лешница со сите планинарско туристички активности обезбедува поголема финансиска корист за државата и туризмот. Но, тоа го знаете бидејќи веќе сте го предвиделе во Проценката на

влијание на регулативата во опцијата „Не прави ништо“, каде посочувате на негативните влијанија од изградбата на ХЕЦ, но не ги споменувате истите негативни влијанија со тоа што не се забрануваат во предлог законот. Еве ги
Имено, една од причините за падот во земјоделското производство кај населените места е и намален проток во потоците и реките на вода заради МХЕ-и, зајакнато со зголемената тенденција на младото население да го напушти традиционалното земјоделско производство и сточарство и да бара вработување во блиските градови или во странство, ќе влијае врз начинот на живот на локалното население во населените места во Шар Планина и пошироко. Најзасегнати села по таа основа се Вешала, Бозовце, Вејце, Јелошник, Селце, Ѓермо и Једоарце. Сепак, доколку се реализира планираната изградба и пуштање во употреба на доделените и планирани концесии за МХЕи, следните населени места ќе станат, исто така, засегнати Беловиште, Првце, Шипковица, Лисец, Бродец, Гајре, Селце- Кеч, Долно Јеловце и Лешница.
Ваквото неконтролирано уништување на природните вредности ќе влијае негативно на туризмот односно се намалуваат можностите за развој на туризмот поради прекумерната употреба на природни ресурси и самиот работен ангажман и приходи на жителите.
Потребно е да се зголеми нивото на заштита на сите овие предели и итен мораториум на градбите на МХЕЦ. Национален парк е потребен поради шумата, водите, животните, растенијата. Не на врвовите.